# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од второто продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 26 февруари 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илијаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Во салата имаме 61 пратеник, што значи дека имаме кворум за работа. Според пријавените пратеници, прв за збор се јави пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници.

Ние расправаме за аферата прислушување, ништо необично, мислам стандардно и нешто секојдневно, како впрочем и во сите други области, како што ни е образованието, културата, здравството итн., така што се стекнува впечаток дека граѓаните не можат да заспијат ако неделно не се сведоци на некоја мегало-афера. Имено се стекнува впечаток дека од оваа власт може да се очекува нешто добро, единствено ако се прави по грешка. Со нормално понашање, не верувам дека така 6и било.

Истовремено, се поставува прашањето, на нашата расправа тука, која исто така вообичаено се одвива постфестум. Имено ние веќе традиционално расправаме за последиците, а не за причините на една појава, афера итн. Имено, медицински кажано ние расправаме за температурата на пациентот, а не влегуваме во суштината на проблемот односно потеклото на таа температура.

Кога слушнаа граѓаните за поднесената оставка искрено мислеа дека на повидок е некој нов пристап кон поимот одговорност, на повидок е некое ново сфаќање по однос на функционализмот на државните институции, или пак некоја нова концепција, како се сфаќа објективната одговорност. Малку не џентлменски од причини што требаше овој пат да го трасира една дама, иако и во другите ресори ние имаме такви скандалозни состојби каде се има, освен оставки не.

Уште повеќе да кажам дека ние веќе сме сведоци и на една ново трасирана институција. Тоа е размислување да се поднесе оставка. Тоа пред неколку дена заменик министерот за внатрешни работи кажа, размислува да поднесе оставка. Изгледа тоа е продолжение на некои поранешни најави, како што своевремено најави министерот за информации, кога постоеше тоа министерство, или пак заменикот директор на МРТВ, кој исто така размислуваше да поднесе оставка кога изјави дека МРТВ е гнездо на антиалбанството, па потоа ништо не се случи. Мислам дека тоа е играње со јавноста, со судбината нивна и нивното убедување.

Јас тука, без намера да се повторувам со она што тука беше кажано, ќе се осврнам само на три точки.

Првата точка е тоа што го нарекуваме популарно, крунскиот сведок. Оттука упорно се бара тој фантомски сведок а никако да се најде, а и не се знае зошто се бара, која е причината да се бара тој крунски сведок, иако имаше идеи дека претходно, априори претседателот на државата треба да го аболира тој крунски сведок, за да може постапката да тече понатаму. меѓутоа, ако сакаме право да резонираме, тогаш работите можеме да ги поставиме во овој правец. Имено, што ако тој крунски сведок требаше да молчи односно ништо да не кажува. Тогаш практично тој ќе стореше кривично дело, но веќе друго кривично дело. Тоа е прикривање на кривичното дело, со учество во кривично дело, или пак помагање при кривичното дело. Значи правно ако се гледа, тоа е така, затоа што неовластеното прислушување е кривично дело. Значи ако сака власта искрено да ја заврши постапката со оваа афера, тогаш треба јавно да каже дека тој крунски сведок ќе добие унапредување, бидејќи тој спречува кривично дело, само да каже кој е налогодавачот за да се прислушуваат угледните луѓе, новинари, политичари итн. Оттука заклучок на мнозинството е дека, априори, ако власта не дава такво унапредување на тоа лице кое веќе открива кривично дело, одговорноста молкум си ја зема за себе. Ако сака совеста да ја исчисти тоа може многу лесно да го направи единствено со тоа што јас тука го изнесов.

Ве молам, ако мислиме дека можеме со разни објаснувања, што политиката се трпи, да кажеме и да ни верува во тоа јавноста, верувајте дека не е така, бидејќи ние не можеме бескрајно да сметаме на слабата интелигенција и на слабото памтење на луѓето. Тоа не е вистина. Напротив, луѓето се премногу интелигентни, дури и многу поинтелигентни од нашите структури.

Второто прашање е прашањето на оставката која беше поднесена тука од г. министер за внатрешни работи. Без оглед дали таа оставка била импровизирана, или реално мислела соодветната госпоѓица така, тоа е друго прашање. Меѓутоа, факт е дека таа оставка не е прифатена. Тука сега се поставуваат две прашања.

Првото прашање е дали г. Димовска треба, спротивно на нејзината желба, затоа што таа имала желба да поднесе оставка, па сега премиерот ја принудувал да остане и понатаму да го води ресорот. Значи дали таа спротивно на нејзината желба ќе го води ресорот МВР и понатаму. што не е во ред, не е ни природно.

Второ, се поставува прашањето, што очигледно на големо се поставува така, зошто не е прифатена оставката, без оглед што имавме многу јасни сигнали од меѓународните фактори дека завршницата би требало да заврши барем со минимално објективна одговорност. Меѓутоа тоа го нема. Фактички сега ќе излезат на површина различните шпекулации. Првата шпекулација е дека госпоѓицата министер не ја дала, тие кои се плашат дека после неа ќе се разоткрие ланецот на некои илегални канали, или пак некои кои имаат бизнис интереси итн.

Без оглед на тоа, за причината, вистината или невистината за прифаќањето или не прифаќањето на оставката едно е јасно. Поимот објективна одговорност и понатаму кај нас останува мислена именка. Зошто мислам така? Затоа што објективната одговорност всушност не претпоставува вина или субјективен однос кон делото, туку претпоставува еден факт што вие водите еден ресор и во тој ресор нешто се случува. Значи објективно вие сносите одговорност за тоа. Тоа не е ни кривично дело ни ништо друго, туку една политичка одговорност, повеќе само критичност, морална одговорност.

Ако одиме со ред, и се случи Арачиново, и таму погинаа полицајци и недолжен млад човек, потоа ни се случи Кондово каде почина невин гласач, ни се случи Теарце, погина полицаец - и малтретирани и претепани многу граѓани, ни се случува сега прислушувањето, ни се случи случајот со стражарот во Куманово, па потоа со лицето Саити од Радуша кој најверојатно ќе остане без бубрези, ни се случува тоа што се случи вчера итн., ни се случи Танушевци каде на голема врата беше промовирана некоја ОВН, некоја УЧК и не знам како, а не се навлегува во суштината дека се работи за реакција на луѓе кои имаат огромни проблеми, со години, со нивните имоти, добиток итн., им не стануваат кравите, телињата и не знам што. Никој не отиде да разговара со нив, а напротив отиде да пука кај нив, што погина едно, исто така младо лице недолжно, за да се експлоатира тоа пред форумот односно Самитот на земјите од Југоисточна Европа и да се експлоатира тоа до максимум, практично да помагаме на Србија. Ако не го прифатиме поимот објективна одговорност, верувајте дека никогаш нема шанси да тргнеме напред, никогаш нема шанси да знаеме што е функционалност на државни институции, ниту одговорноста како институција да биде составен дел на институциите кои ја практицираат власта. Значи не можеме ние, да резонирам во стилот, дека не може да оди некој министер или заменик или не знам кој друг јавен функционер затоа што, еве нема таква замена во однос на професионализмот. Напротив мислам дека ние премногу се преценуваме, тука од причина што има многу професионалци кој се по спремни и поодговорни а кои се надвор од овие клупи овде и надвор од власта.

Трето, јас на неколку наврати оваа говорница сум покажал дека е најлоша варијанта, дури и против партиите кои се на власт. Тоа е само убиство на тие партии кои се на власт, ако структурата на државната управа и другата структура кои вршат јавни овластувања, се гради врз партиска основа. Тоа од практички причини, затоа што априори, тој што е партиец не значи дека професионалец и обратно. А што е најлошо. Тој што е партиец, тој што ние го сметаме партиски војник, тој не чувствува никаква одговорност затоа што се чувствува комотен и заштити, од причина што секогаш ќе се најде некое лице кое ќе стои зад него и ќе го штити од сите можни процедури за неговата одговорност. Значи тие се силни, имуни и

неодговорни и вие не можете да очекувате резултати од таквите партиски структури кои се во рамките на државната управа. Професионалецот е поинаков. Тој едноставно само си го врши тоа што го знае и се разбира дека се плаши од претпоставениот затоа што не е имунизиран од партиските институции.

Јас јавно тука се прашувам, ние и тие кои се на власт и сите ние тука, со каква централна идеа сме ние тука односно со каква централна идеја ја практицираме власта. Дали власта има за цел да ги остварува личните и партиските интереси, или тоа што сме ветиле јавно. Ако е првото, личните и партиските, тоа дури во рамките на партијата која е на власт, тоа е само еден или два посто од потесниот круг на партиското раководство. Другите немаат никаков интерес. Значи, практично ние не исполнуваме ни 0,5% од тоа што им ветуваме на граѓаните, а исполнуваме макро само на еден 0,5% од партиската олигархија и структурите, да не кажам и криминални кои се поврзани со власта. И сега имаме одврзани раце, за така наречени реформи во МВР. И мислам дека од самиот факт што кампањски се врши оваа работа затоа што има, пак политичка цел има пак партиска цел и не може поинаку да се третира и правиме пак, сакаме да исправиме една наша грешка, или грешка на власта, со уште поголема друга грешка, со уште полоша и веројатно така ќе се рефлектира. Кога завршија парламентарните избори, на големо кај луѓето се зборуваше дека ќе се случи нешто големо кај нас. И навистина се случува голема несреќа на граѓаните на РМ.

И на крај, за поимот патриотизам, да кажам дека во наши услови патриотизам значи да ги заштитиме граѓаните од нас, тука.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Има збор г. пратеникот Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Благодарам потпретседателе.

Токму од тие причини, од претходниот говорник, г. Мерсел Биљали, кој ми се чини, најголем акцент стави на таа таканаречена објективна одговорност, за која впрочем сите и одговараме тука во Парламентот. Ми се чини, уште еднаш Парламентот е сведе на еден мегдан за жал, на фрустрации на политичките партии, особено на СДСМ како партија која ја обелодени целата афера и ми се чини дека за сите нас е добро, за да оди во прилог, да имаме една креативна атмосфера, да имаме една креативна и продуктивна дискусија овде во Парламентот, ќе биде значајно, или ќе беше значајно досега да го слушневме излагањето на г. Црвенковски. Меѓутоа, со оглед на овој редослед на дискутанти кој ние го добиваме, г. Црвенковски е некаде меѓу последните соговорници. Затоа јас ќе се оградам тука ќе ги објаснам тезите за кои всушност можам или не можам да зборувам за денешната тема, особено со оглед на сите оние слабости кои ги имавме во самиот чин на обелоденувањето на самата афера. Аферата која всушност мораше да се случи да биде афера, аферата прислушување, од мигот на излагањето на г. Црвенковски, на нејзиното обелоденување, всушност ние како пратеници, па дури и понатаму и Анкетната комисија, ниту имаше продукт на една реална рамка, немаше ниту било какво систем во прикажувањето на аферата и ми се чини недостаток на една вистинска и реална експликација на г. Црвенковски.

Ми се чини, за жал, дека сите повторно сме заложници, заложник е македонската јавност, заложници сме ние како Парламент, Собранието, Владата, Анкетната комисија итн. Со еден збор влеговме повторно, по кој знае кој пат во една нечесна игра на СДСМ кој, ми се чини дека најмногу аплицира кон сопствената партија, нечесна игра кон самите себе си, нечесна игра кон каузата ако воопшто ја имаат за себе. И во оној миг кога имавме откривање на една таква работа, за која сепак многу помпезно беше најавена, ми беше многу жал што во еден миг кога навистина на човекот кој тоа го направи, г. Црвенковски, во истиот миг ми се чини дека најважно беше откривањето, дека единствени беа заинтересирани они, да се открие човекот веднаш, кој беше нарачател, кој всушност беше доставувач на г. Црвенковски. Но, како поминуваа деновите, освен потребата за итната седница која ние еве ја имаме во еден, можеби подолг период, наеднаш стивнаа и нивните потреби за да го видиме, да го разоткриеме кој е доставувачот на текстовите кој ги доби г. Црвенковски. Во една таква чудна мистификација на оваа седница која ние веќе ќе ја тераме веројатно уште една недела,

претседателот на СДСМ, можеби на почетокот имаше некаков точен реален капацитет и за јавноста, тоа што го понуди, па дури не замисли и нас како пратеници, меѓутоа, за жал понатаму не видовме воспоставување на еден дијалошки капацитет кој беше нужен, кој беше важен понатаму за судството што навистина многу луѓе мораа да заминат како сведоци, да појдат таму и особено за Анкетната комисија. Всушност затемнет е целиот тек на расправата околу прислушувањето. Наеднаш ми се чии дека анулирана е за жал, било каква можност овде како пратеници ние сега да воспоставиме еден метод, особено и на оставката на министерот за внатрешни работи. Значи тотално искривена е таа амплитуда на едно реално разоткривање на прислушувањето. Значи немаме метод, немаме една фундирана прогноза, што би се однесувала и на целта и на исходот. Значи ние веројатно на крајот со заклучоците што ќе ги добиеме овде, или ако не друго ќе ги гласаме како Парламент ќе немаме целисходност на целиот исход на случајот кој всушност не постои.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

(продолжение)

Па така, немаме целисходниот на еден имагинарен случај, на еден имагинарен доставувач , на г-динот Црвенковски, ако сакате и како луѓе, кои учествувале во дискусијата и си дозволувале да зборуваат без хипотези, без тези. Всушност, морале и имагинарно да размислуваат, а згора на тоа многу погрешно и да ги толкувале нештата.

Ми се чини дека сме влезени во еден тунел на паралакса, на нешто што ми се чини дека сите се чувствуваме крајно непријатно, кога би зеле збор , но целата реконструкција на овој случај , на случајот прислушување, за жал, најтешко од се е што го реконструираат поранешни функционери. Се чини дека тоа е нешто најнепријатно што можеме да го слушнеме што аналогно на тоа се доведува до еден вид на клучни прашања зошто токму луѓето кои со години наназад прислушуваат, зошто токму луѓето кои беа длабоко одговорни, еден куп луѓе да им ги прават нивните досиеја, да учествуваат во прислушувањето од 1998 год, се амнестираат самите себе си и сега прават една реконструкција на еден случај , во кој тие не се учесници , но затоа пак, ги имаат блиску претпоставките, и ако не друго, се приклучуваат и ја негуваат страната на г-динот Црвенковски.

Деновиве можеме да слушнеме до медиумите дека длабоко, се она што го имавме во пледоајето на г-динот Црвенковски со откривањето, дека тоа всушност, нивните тези. Она што ние го имаме како заклучок дека не постоело прислушување во МВР, односно во Дирекцијата за безбедност и во Агенцијата за разузнавање, напротив, еден куп луѓе, кои се поранешни функционери знаат дека имало, знаат дека постојат луѓе кои знаат дека тоа било, го знаат веројатно, доставувачот на г-динот Црвенковски и всушност , ако не друго идентификацијата на сторителот и се сведува на тоа дека сите можат да имаат крајна дедукција на случајот, но ние тука не можеме.

Не можеме ние да го имаме говорот на Црвенковски, кој ќе го каже сторителот. Се ближиме, ми се чини, сите заедно, или се"давиме" во неискажливото на г-динот Црвенковски, се давиме во апотеоза на нејасното, тие водат една политика за себе, но исто така, како луѓе кои би требало да ја оправдаат својата работа, и ако не друго, да претпоставаат разно разни хипотези.

Ми се чини дека неговото својство на човек, на лидер на една партија дека јас можам да го правам , тоа што сакам да го правам , односно, неговата волја, ако не друго пред само свеста, ако не друго пред одговорноста на граѓаните, или пред македонската јавност е всушност самиот миг кога тој ќе ни го обелодени човекот, тој му ги доставил материјалите. Тука е всушност и никулецот на се понатаму што ќе биде реален исход. Ми се чини дека уште еднаш сме во фаза на еден краен кукавичлук од една страна, кој всушност може да се поистовети со едно дезертерство, отколку на една политичка интелектуална пристојност.

Прашањата се многу, можат да се редат зошто токму доставувачот ги даде материјалите на г-динот Црвенковски. Затоа што беа многу блиски, затоа што одамна се познаваа, можеби од личотија му ги даде можеби заради тоа што знаете дека г-динот Црвенковски никогаш нема да го разоткрие кој е тој итн.

Во овој миг тука би сакала да ја завршам дискусијата, ценејќи дека во дискусијата на г-дин Црвенковски ќе имаме многу други важни докази и материјали, со кој би можеле многу покреативно да ја водиме дискусијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на г-ѓицата пратеник Валентина Божиновска.

На ред е г-динот пратеник Горѓи Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дин потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници. Дозволете ми на самиот почеток од моето излагање, да ја изразам својата благодарност кон претседателот на Собранието на РМ за свикувањето на оваа итна седница.

Јас искрено да ви кажам, веќе бев изгубил надеж дека власта во Македонија ќе си дозволи да расправа за едно вакво прашање во Парламентот. Тука се согласувам со почитуваната колешка Божиновска, која кажа на минатата седница дека и денеска, ако се тргне од она што свесно, а нешто што несвесно го кажуваат претставниците на власта на Македонија, не се исполнети условите кои г-динот Стојан Андов ги постави за свикување на една ваква седница.

Да се потсетиме кои беа тие услови. Прво, човекот рече дека нема да свика седница, додека надлежниот орган не утврди дека постоело прислушување и дека неколку ливчиња со снимени телефонски разговори на лидерите на политичката опозиција, не се доказ за тоа и дека дури, од кога тој ќе се увери дека е така, овој Парламент ќе може да расправа за тоа.

Вториот услов на г-динот Андов беше, дека Парламентот ќе може да води расправа за едно вакво прашаше, само ако се исполнети условите тој да ја утврди политичката одговорност, за едно такво можно дело.

Во оваа смисла претседателот не убедуваше јавно дека нема да дозволи јалова расправа на Парламентот и дека, откога ќе ги довие сите проверки од надлежните органи за еден ваков случај, ако постои политичка одговорност, ќе ја истера до крај.

За среќа на опозицијата, тој се смилува да свика една ваква итна седница на Собранието, на кое ќе се поговори за една ваква појава која несомнено, и потресува темелите на демократијата во нашата земја и ние навистина сме благодарни, независно од тоа што неговиот изговор за тоа е дека за случајот прислушување има извештај од надлежната Комисија на Собранието.

Велам изгоров, затоа што/тој инсистираше на првичните услови, оваа седница никогаш немаше да биде закажана, а парламентарното мнозинство ќе продолжеше да си донесува закони, со кворум или без него, без да биде обеспокојувано од опозицијата.

Зошто велам дека не се исполнети првичните услови: Прво, нема сеуште претставник на власта во Македонија, кој е подготвен јавно да признае дека во Македонија се случувало неовластено, против уставно и против законско масовно прислушување на лидерите на политичката опозиција на други истакнати политички личности, новинари, граѓани и др.

Премиерот на Владата на пример, овде пред сите говореше дека и покрај понудените докази во јавноста и потврдената автентичност на прислушуваните разговори, од страна на прислушуваните, меѓу кои се и претседателот на Републиката и државниот јавен обвинител, засега, располагаме само со листови хартија, на кои им се симнати некакви разговори и за кои треба истрагата да покаже, дали се резултат на некакво прислушување на телефонски разговори во земјата. Директорот на Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање на Македонија, Драги Гроздановски, исто така, за медиумите изјави дека пред да започне со расчистување на овој случај, треба да се докаже дека воопшто постоело прислушување. На крајот дури и министерката за внатрешни работи г-ѓицата Доста Димовска во образложението на својата оставка говори за прислушување во наводници, со што , јасно става до знаење, дека тоа можеби, не се случило. Сите останати за прислушувањето зборуваат како афера. Што значи дека не како случај, туку за некаква конструкција за вистини, полувистини, лаги, која реално не постои , но е создадена од недобронамерни луѓе,со цел да и се нанесе штета на Владата и на угледот на Македонија. Ова го зборува за присуството на презир кон фактите. Тука навистина не помага ниту викање, ниту надвикување. Со овој презир кон фактите, некои луѓе од власта сакаат да не убедат дека тоа што се случило , можеби и не се случило , туку дека само нас ни се причинува. Во овој случај, ние навистина, немаме тема за расправа. Расправаме за тоа дали она што може да го види опозицијата, може да го види и власта.

Втората причина е заради тоа што оваа седница не беше свикана како итна, кога ние баравме, тогаш беше образложението на претседателот на Собранието Стојан Андов, според кои Парламентот ќе расправа за една ваква тема, само кога ќе биде во состојба да утврди постои или не политичка одговорност кај некои од носителите на власта.

Според мене, овој услов денеска не е исполнет. Имено, ако сеуште е спорно дали воопшто се случило прислушување, како е можно да се расправа за одговорноста на некои, за нешто што можеби, не се случило.

Оваа расправа, како и секоја досега ќе заврши со наметнувањето на волјата на вистината, на парламентарното мнозинство и само уште еднаш ќе дојде до израз она што никаде во светот не се нарекува демократија , туку се означува како терор мнозинството. Во демократијата се заштитени индивидуалните права на граѓаните и на политичките малцинства.

Ова го велам, бидејќи од досегашните дискусии на повеќето колеги од парламентарното мнозинство, произлегува дека политичка одговорност за целиот случај треба да понесе исклучително претседателот на Комисијата за контрола на државната безбедност, колегата Љупчо Поповски, чија оставка беше побарана, но исто така и засега единствениот јавно обвинет во овој случај, а тоа човекот кој ги обелодени фактите за присуството на масовното кршење на човековите права во нашата земја г-динот Бранко Црвенковски. Според логиката во филмовите , во кои оној што го пријавил пожарот, можеби самиот го подметнал , за да се прикаже како спасител, политичката пропаганда на власта се чини, подготвува монструозен политички процес во Македонија за конечна пресметка со опозицијата , бидејќи според нивни истакнати дејци во оваа држава е јасно само едно, а тоа е дека сето зло доаѓа од СДСМ.

Не сакам да повторувам , но само ќе ве потсетам дека таа логика упатува на заклучокот дека се додека не се открие убиецот на Фатмир Јакупи, убијците на полицајците во Арачиново и убијците на полицајците во Теарце, единствениот можен убиец , по логиката на нашата власт е оној што прв дознал за таа работа и ја информирал јавноста за тие случувања, а тоа се МВР и министерката Доста Димовска.

Со други зборови и вториот услов за водење на јалова расправа во врска со овој случај е исполнет. Парламентот за жал, станува место во кој се води расправа на глуви. Во таков случај, се надевам дека премиерот слуша. Г-дин премиер, веќе воопшто не е важно дали некој вика, или тивко зборува. Сепак, во општеството како нашево , во кој демократијата е во телење, Собранието останува единственото место во кое извршната власт не е семоќна. Во услови кога седниците директно ги пренесува државната телевизија, која е недостапна за опозицијата, тоа е единственото место , преку која во процесот на соочувањето на аргументите меѓу власта и опозицијата, граѓаните можат да добиваат сознание за тоа кој ги застапува нивните интереси и на кого да му ја дадат довербата на следните избори.

Од тука, ќе искористам оваа прилика да го изнесам целото видување за природата и мотивите на масовното противуставно и незаконско прислушување во Македонија.

Прво, сметам дека е апсурдно да се тврди дека прислушување од телефонски разговори нема во Македонија. Изнесени се податоци за снимени телефонски разговори на лидери на политичката опозиција и над 170 граѓани на Македонија. Сите лица до еден прислушувани во судска постапка, а меѓу кои е и претседателот на државата и врховен командант на Армијата г-дин Борис Трајковски, ја утврдија автентичноста на тие разговори, кои им беа презентирани во пишана форма. Сите жртви на оваа операција, потврдија во магнетограмите е точно наведен денот и времето во кое ги обавиле разговорите и дека Советот,, или персоналот што ги симнувал од лента нивните разговори, бил мошне културен, па секаде каде што тие пцуеле, или употребувале некултурни зборови, ставал само ознака: "псуе" и три точки.

Врз основа на доставениот материјал, по нивните разговори, државниот јавен обвинител, покрена обвинителен акт, засега против непознат сторител, со што, барем еден орган во државата , веќе не спори дека постои сторено кривично дело прислушување и не го става министерот на полицијата зборот прислушување под наводници.

Значи, на Македонија, во периодот на оваа власт и се случило некој да ги прислушкува неовластено лидерите на политичката опозиција и граѓаните.

Второ, од она што досега и е презентирано на јавноста и на истражните органи, јасно произлегува , или барем, се наметнува заклучокот, дека прислушувањето било политички мотивирано.

Изнесените материјали во јавноста, покажуваат дека опозиционите лидери во Македонија биле прислушувани во три временски периода.

Прво, во време на формирањето на новата партија ВМРО-Вистинска потоа, за време на локалните избори, кои од страна на опозицијата беа прогласени, а од страна

на премиерот прифатени, како еден вид референдумско изјаснување на народот за предвремени парламентарни избори.

И на крајот, ако воопшто имало крај, прислушувани се разговори во време на обидите за формирање на ново парламентарно мнозинство во Македонија. Тогаш и само во тој случај се прислушувани разговорите на членови на партијата, што по тие настани, излезе од владината коалиција, односно прислушуван е тогашниот актуелен претседател на Собранието на Македонија г-динот Саво Климовски, министри и лидери на ДА.

Значи, времето во кое е вршено прислушувањето и личностите кои се прислушувани, укажуваат на политичката мотивираност и задницата на тој чин.

Сега се поставува прашањето, кој во РМ има причина и мотив да врши прислушување на телефонските разговори на лидерите на опозицијата. токму за време на спомнатите политички настани. Или, како што го постави прашањето колегата Никола Поповски, кој можел да има корист од информации стекнати на овој начин во време на настанувањето на раскол во ВМРО-ДПМНЕ, во време на локалните избори и во време на опасноста од создавањето на ново парламентарно мнозинство,кое би довело до смена на Владата.

Се надевам дека на ова прашање не е тешко да се одговори. Ако се послужите повторно со логиката од омилените филмови на власта, во кои има и тешко разјаснив убиства и криминални дејствија, ќе забележите дека во нив истрагата се обидува да го открие сторителот, во делот на прашањето, кој имал мотив да го направи делото и кој директно стекнува корист од сторениот криминал, ако сторителот не се открие Во овој случај, тоа е повеќе од јасно. Сепак, Владата вели дека засега не постојат било какви докази кои би упатувале на можноста, ова дело да било направено од страна на државен орган , кој располага со системите за прислушување на телефонски разговори и дека никој од државните функционери не дал досега писмена наредба за прислушување на опозицијата, односно не дал писмен налог за правење на кривично дело. Од тука, според Владата и премиерот не постојат основи за било каква политичка и друга одговорност на власта во Македонија. По оваа еднодушна изјава започнаа серијата изјави преку кои власта се обидува сепак , да го посочи можниот сторител и да ја насочи истрагата.

Прво, премиерот изјавува дека вакви настани му го расипуваат роденденот и дека освен органите на власта, кои располагаат со техника за прислушување, постојат бројни структури, цитирам, "значи надвор од власта, кои располагаат со таква техника и кои би можеле тоа да го направат".

Со други зборови тоа можел да го направи било кој, во оваа земја, во која веќе не се знае кој што прави и кој за што е способен, само со цел да му го расипат роденденот на нашиот премиер.

**ГОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Министерот на полицијата Доста Димовска пред Комисијата за контрола над работата на ДБК изјавува дека таа нема информации за постоење на опрема за прислушување надвор од полицијата, што не значи дека не може да има. Но, можеби тоа некој во нејзината служба можел да го прави без нејзина наредба и без нејзино знаење. Значи таа ја лансира приказната за нереформираната полиција во Македонија во која се вгнездени некои стари структури кои се цитирам според неа инструментализирани од страна на СДСМ. Оваа незина теза е поддржана од нејзините нови коалициони партнери во власта Либералната партија преку изјавата на нејзиниот нов потпретседател Владо Поповски според кого цитирам: можно е да се врши прислушување и со наредба која не мора да дојде во Министерството од внатре. Што значи дека некој од надвор може да им издава наредби на полицајци, или вели тој: можно е да се врши прислушување кое е со намера да се инструментализира во политички цели. Каква подударност? Ова господинот Поповски го појаснува на следниот начин, повторно цитирам: ако сметаме, вели тој, дека во безбедносниот систем има позиции, тоа значи луѓе кои имаат свој корен, што значи поставени, или вработени во неофицијални, неслужбени центри на моќ кои што можат да бидат надвор од МВР, значи од странство, или кај опозицијата, тогаш според него може да функционира посилно и полојално таа линија отколку службената и раководната. Кон оваа монструозна политичка конструкција ќе се приклучи и третиот коалиционен партнер на власта во лицето на потпретседателот на ДПА Мендух Тачи според кого кратко и јасно, ова е дело на четнички структури заостанати од претходниот режим во Македонската полиција кои му се лојални на Милошевиќ. Со овие изјави почитувани колеги јавноста се подготвува да ја лапне приказната дека СДСМ всушност сам себе се прислушувал со цел тоа да му послужи во борбата за

освојување на власт. По познатите обвинувања од страна ка оваа власт дека активисти на СДСМ и на ПДП сами во себе пукале и се убивале и ранувале за време на изборите само со цел да ја обвинат оваа демократски настроена власт за насилство во време на изборите и да ја освојат власта не избирајќи средства, ова е уште еден обид тие да се обвинат дека нешто сами на себе си прават само за да му го расипат роденденот на премиерот.

Почитувани колеги, сакам да ве информирам дека во поновата историја на овие простори овој вид пропаганда го применуваше само режимот на Слободан Милошевиќ кој ги обвини муслиманите во Сараево дека сами се бомбардираат и си подметнуваат бомби по пазарите за да предизвикаат жртви меѓу цивилното население само со цел да го обвинат режимот на Милошевиќ за насилство и да ја оправдаат интервенцијата на НАТО на тие простори. Но, еве и да ја прифатиме приказната за постоењето на некакви структури во полицијата кои не и се лојални на власта, туку на некакви други центри на моќ надвор од неа. Се поставува прашањето, постои ли одговорност на власта за тоа, а особено на министерот за внатрешни работи. Кој треба да ги заштити граѓаните од неовластено прислушување. Ќе може ли да не заштити од тоа некој што досега во тоа не успеал. Толку ли премиерот смета дека нема поспособни луѓе во своите редови, или во оваа држава од сегашниот министер Доста Димовска? И наместо да биде казнета за тоа што се случува, дури и ако е точно приказната што сама ја раскажува таа е наградена со добивањето нова задача која гласи да спроведе успешна реформа во полицијата, односно да направи нова партиска чистка и да ја претвори полицијата во партиска војска. Како што можеме да забележиме овие денови токму тоа се случува во Македонија. Според информации кои заслужуваат проверка цела генерација на дипломирани полицајци од средното полициско училиште во чие образование се инвестирани средства од државата, пратени се во Заводот за вработување, а во полицијата се примени исто толкав број на лица без образование од редот на обезбедувачите на изборните кутии на ВМРО-ДПМНЕ. На регистарските таблички од нивните коли кои полицијата не смее да ги запира ќе забележите дека наместо кирилични букви стојат налепници со лавчето на ВМРО-ДПМНЕ. Всушност таква налепница стои на регистарските таблички на колата од премиерот и на некои од неговите министри и функционери. Но, ова што ни се случува почитувани колеги е нормален слет на настаните во Македонија по преземањето на власта од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Идеолошката основа и оправданост на чинот на прислушувањето на опозицијата имавме прилика да ја слушнеме веќе на самиот почеток од расправата директно од премиерот на оваа држава. Дозволете ми да ве потсетам што тој кажа.

Прво, премиерот Георгиевски во своето обраќање рече дека случаи на прислушување на опозицијата речиси и не постои, туку дека ова за што зборуваме денес е дел од континуитетот на пропагандната хистерија во Македонија што ја водат против Владата СДСМ и весниците под негово контрола.

Второ, тој изложи низа тези, дозволете да ве потсетам на тоа што сметате дека е точно, тој изложи низа тези кои упатуваат на сознанието дека според неговото видуваше СДСМ и другите опозициони политички партии во Македонија не треба да бидат третирани како легални политички субјекти на Македонија, на македонската политичка сцена, туку дека треба да се илегализираат, бидејќи според него тие преку низа свои активности се обидуваат насилно да ја урнат власта во Македонија и да го загрозат нејзиниот уставен поредок. Во прилог на оваа своја идеолошка позиција тој ги наведе следните негови видувања.

Прво, според него СДСМ и другите опозициони политички партии не бирале средства, тоа значи законски дозволени и законски недозволени за да предизвикаат паѓање на оваа власт и дека со таа цел веќе подолго време работат врз уривањето на институциите на системот.

Второ, тој тврди дека СДСМ и другите опозициони партии подготвувале сценарија за насилно влегување во Парламентот и во другите институции на системот најверојатно затоа што организирале митинзи, а откако тоа не им успеало, правеле обид, замислете други, а не тој, преку поткупи и други нелегални дејства да создадат ново парламентарно мнозинство и да ја превземаат власта.

Трето, тој оценува дека ние од СДСМ и останатата опозиција во овој Парламент му ги блокираме институциите преку парламентарен бојкот и го оневозможуваме донесувањето на Законот за народна одбрана со што според него директно го минираме приемот на Република Македонија во НАТО за што најверојатно според него таа ги има исполнето сите други

услови и со тоа ја загрозуваме безбедноста на државата.

Четврто, тој тврди без око да му трепне од оваа говорница дека СДСМ и другите опозициони парти во државата се радуваат на терористичките напади во земјата од што треба да се заклучи дека можеби директно ги поттикнуваат,помагаат и изведуваат.

Петто, тој исто така тврди дека медиумите за кои премиерот смета дека се под контрола на СДСМ поттикнуваат на војна.

Шесто, ја повторува веќе излитената теза дека Бранко Црвенковски и СДСМ се занимаваат со вербален тероризам, што во превод значи, ги убиваме со зборови кои според оценката на министерот за внатрешни работи Доста Димовска е еднакво опасен како и терористичкиот акт изведен во селото Теарце. Според оваа министерка исто така опозицијата две години се обидувала да го урне главниот столб на безбедноста на Македонија, а тоа се добрите меѓуетнички односи. Покрај ова Владата со средства од даночните обврзници води пропагандна кампања против опозицијата под наслов: кој го продаде името Македонија? Што од една страна значи дека тоа е веќе продадено и нема оваа Влада веќе што да продава, а што од друга страна е обвинение за велепредавство на својот народ. Замислете да е точно сето ова што го кажуваат премиерот и министерот за внатрешни работи за СДСМ и за опозицијата или барем тие да се тие самоубедени во тоа и да ги уверуваат во истото странските партнери кои се загрижени за иднината на Македонија. Тогаш ако е тоа така сосема е нормално дејноста на СДСМ и на опозиционите политички партии во Македонија од страна на оваа власт да се прогласи за спротивна на Уставот и на законите, да се побара забрана за нивното јавно дејствување. Она пак што изгледа најнормално за луѓе што веруваат во ова е да се издаде пред се налог за прислушување на лидерите на таквата опозиција со оглед на утврдената опасност од нивна страна за насилно уривање на уставниот поредок и можното поттикнување на терористички акции. Со други зборови, премиерот не криеше дека всушност тој ја издал наредбата за прислушување на оваа толку опасна опозиција во Македонија. Врз основа на прикажувањето или доживувањето на опозицијата во вакво светло од страна на премиерот не треба воопшто да не чуди, ако некој од неговите партиски војници дури и не чекал, ниту пак во иднина да чека посебна наредба од него, или од министерот на полицијата за ликвидирање на непријателите на народниот режим за нивно прислушување или остварување на мисијата: спасување на Македонија од оние кои не и мислат добро. А кога ќе се случи тоа, тоа веќе почитувани колеги не е вербален тероризам, туку тоа е државен тероризам. Оттука сметам дека господинот Георгиевски преку својот говор во овој Парламент даде само докази зошто морала да биде прислушувана опозицијата и од што е мотивирана таквата активност на власта во Македонија.

Почитувани колеги пратеници, ова е исто како и во случајот кога Георгиевски тврдеше дека киднапирањето на македонските војници нема било каква врска со ослободувањето на Џавид Асани од затворот во Скопје, за подоцна откако се откри со писмени документи дека биле поврзани тие два настани Георгиевски да не праша, а што ќе направевте вие да бевте на мое место? Искрено очекувам дека и по разоткривањето на овој случај Георгиевски да не праша, а што ќе правевте вие да ви висеше над главата таква опасност каква што е губењето на власт? Оттука почитувани колеги пратеници сметам дека случајот со масовното прислушување на лидерите на опозицијата е само уште еден индикатор за она што и се случува на Македонија денес и за карактерот на власта во неа. Во Македонија за жал се инсталира систем на политичка диктатура. Да се потсетиме само кои се одликите на еден таков систем според оние кои што таквите системи ги проучуваат.

Прво, во таквите системи според познатата Хана Арент партиите на власт немаат програми или целосно ги игнорираат, дури и зад параванот на најдемократските устави како што бил оној на Сталин од 1936 година се спроведувала стравотна диктатура.

Второ, пропагандата на партијата, или партиите на власт во таквите системи е засилена со теророт врз населението и само на тој начин станува убедлива. Познати се методите на правење притисок тортура, па дури и ликвидација на членови на опозиционите политички партии во таквите системи само за да се покаже дека членувањето во тие опозициони партии не само што е штетно, туку и опасно. Тоа исто им се случува на познати синдикални активисти или лидери. Ваквиот вид на масовен терор кој сеуште оперираше на

прилично ниско ниво во време на фашизмот во Германија вели почитуваната Арен, постепено растеше затоа што ниту полицијата, ниту судовите сериозно не ги гонеа политичките престапници од таканаречената десница.

Трето, во тоталитарната пропаганда постојано е присутна фигурата на домашниот и на надворешниот непријател како основа за ширење на стравот од една страна и како основа за легитимирање на насилството кон сите оние што ќе ја загрозат личната власт на лидерот од внатре, или од надвор. Таквата пропаганда луѓето треба да ги убеди дека не е ништо тоа што се сиромашни, гладни или без работа, туку дека може да им се случат уште пострашни работи,бидејќи постои заговор кои се способни да го откријат само лидерите на тоталитарното движење.

Четврто, тоталитаризмот на власт постојано ги менува своите првокласни паленти без оглед на нивните симпатии со чукнатите и будалите чиј недостаток на интелигенција и креативност сеуште се најдобра гаранција за нивната лојалност. Нацистите вели Арен ги отпуштаат дури и оние научници кои сакаат да им служат, а болшевиците ја користеа репутацијата на познатите научници и уметници за политички цели и ги тераа да изигруваат шарлатани.

Петто, тоталитарната пропаганда покажува екстремен презир кон фактите, бидејќи според нивното сфаќање фактот комплетно зависи од моќ на човекот кој може да го измисли.

Шесто, тоталитарните режими на своите намери ги соопштуваат во форма на претскажувања. Така на пример Хитлер во јануари 1939 година има речено: Сакам денеска уште еднаш да претскажам нешто, во случај еврејските финансиери уште еднаш да успеат да ги вовлечат народите во светска војна, резултатот што ќе произлезе од тоа ќе биде уништување на еврејската раса во Европа. Овие претскажувања се во функција на најава на нивните потези а откако ќе се остварат тие се стекнуваат со репутација на луѓе чии претскажувања се оствариле.

Седмо, честа на луѓето што им служат на тоталитарните власти се изедначува со нивната верност кон водачот. Оттаму не е случајно паролата на СС трупите што ја измислил Хитлер гласи: Мојата чест е мојата верност. Омиленото гесло на Сталин било, народот не мора да се слуша, но добро е да се прислушкува.

Политичките диктатури, почитувани колеги пратеници денес во некои земји на Латинска Америка и Африка можат да се препознаат по тоа што во нив се укинати институционалните и општествени претпоставки за менување на власта на редовни избори во согласност со волјата на народот. Во нив власта е сигурно дека може трајно да ги фалсификува изборите преку оголено насилство и затоа не е заинтересирана за тоа што мисли народот за неа. Таа во таквите системи располага со партиски монопол врз државните медиуми, ги злоупотребува неказнето државните фондови и парите од јавните претпријатија за корумпирање на дел од бирачкото тело и способна е да ги уништи сите докази во врска со фалсификувањето на изборите, а сторителите на најгрубите насилства да ги заштити од можната казна. Во таквите системи изборите се организираат во стилот на организираниот криминал при што криминалците на власта и ја обезбедуваат победата,а таа нив им обезбедува заштита од полицијата и судството. Сето тоа се прави со цел партиите да ја изгубат смислата на нивното постоење, бидејќи е укинато основното демократско право, правото на политички избор. Во таквите системи власта управува со животот на луѓето и ги одредува нивните судбини.

Почитувани колеги пратеници, во таквите системи власта и не се обидува да скрие дека таа стои зад некое политичко насилство. и кршењето на законите. Напротив, таа се фали со тоа и сосема арогантно им става до знаење на сите што и стојат на пат дека се немоќни и дека ништо не и можат. Тоа е дел од технологијата на ширење страв и немоќ кај сите што остануваат надвор од нејзиниот круг на привилегираните, но и кон оние што се во кругот блиску до лидерот. Што нам ни се случува во оваа смисла?

Прво, на денот кога беа објавени податоците за прислушувањето на лидерите на политичката опозиција, министерот на Полицијата излезе со соопштение со кое директно на некој начин и соопшти на јавноста дека тоа е правено со негова и по негова контрола. Госпоѓицата Доста Димовска рече дека токму тој ден поднесува пријава за кривична одговорност на министерот за внатрешни работи од претходната влада со образложение дека наводно и тој вршел неовластено прислушување.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Со други зборови, уловениот министер, во правењето на кривично дело за внатрешни работи,г-ѓицата Доста Димовска, во првиот миг не се ни обиде да се брани, туку едноставно и соопшти на јавноста дека тоа што таа го прави е нормална работа и дека нејзе никој ништо не и може. Напротив, таа може да им прави на другите се што сака.

Пота, беше блокиран парламентот со образложение дека нема да има расправа за овој случај додека надлежни органи не докажат дека имало прислушување и додека не се создадат услови за утврдување на политичка одговорност што е во надлежност на парламентот.

Во рамките на обвинителството, овој сложен предмет му е доделен на најнеискусниот и најмладиот обвинител по стаж, кој по потекло е од родниот крај на министерот за внатрешни работи и тој , веќе цел месец ги сослушува само жртвите, има побарано претрес на просториите на СДСМ, но не и на просториите и на службите на државата што располагаат со опрема за прислушување и во кои што, до сега, на мира можеле да бидат уништени сите докази.

Четврто, државниот јавен обвинител се иззема себе си од случајот, да им се закани на можните сведоци за прислушувањето де:ка, ако сведочат кривично ќе одговараат.

По сето ова, министерката нуди оставка, ко бајаги, што премиерот не и ја прифаќа. Таа започнува да врши во полицијата масовна кадровска чистка, токму сега и отпуштање од работа на голем број лица во Службата за безбедност, а сето тоа го прогласува за реформа.

Петто, се создава атмосфера дека , заради откривањето на овој случај, лидерот на опозицијата треба да заврши зад решетки.

На крајот, премиерот излегува пред ова Собрание и, освен што ја обвинува опозицијата за политички злостор во земјата, го поставува клучното етичко прашање. Како може, се прашува тој, некој од полицијата кој ги направил достапни овие податоци за јавноста да смета на некаква заштита од оваа власт или пак уште да смета дека направил некакво патриотско дело?

Со ова, тој, овде, пред сите нас арогантно призна дека прислушувањето е направено од страна на полицијата, но дека нему и неговата власт никој ништо не им може и дека сите кои би се обиделе да помогнат во расветлувањето на еден ваков случај, ќе бидат првите жртви на оваа власт.

Оттука, на некој начин премиерот , министерката и некои луѓе од полицијата не кријат дека тие стојат зад овој случај, туку ни соопштуваат дека никој ништо не им може и дека нивната моќ е толку голема што никој не треба да се обидува да им дава отпор кога тие ќе решат да е изживуваат.

Не го кажувам ова со цел, почитувани колеги пратеници, да направам некаква паралела помеѓу фашизмот, сталинизмот и она што ни се случува денеска во Македонија. На сите, колку што не има, но сите колку што не има имаме обврска да бидеме свесни за таквата одговорност, за таквата опасност. Демократијата во Македонија, за жал, нема фатено длабоки корени. Дека имаме обврска да се замислиме во која насока не водат одредени појави. Јас искрено се израдував кога во образложението на оставката на г-ѓицата Доста Димовска прочитав дека критиките упатени до нејзината работа од страна на некои интелектуалци и новинари допреле до нејзината совест и дека таа, заради тоа, решила да поднесе оставка.

Денеска, гледам дека тие критики допреле и се одбиле од нејзината совест или, недај Боже удриле во празно и дека таа, како избран политички функционер не промовира поинаква пракса за која веќе ја пофалија медиумите и партнерите од нејзината коалиција. За жал, и овој пат некои пребрзо поверуваа дека станува збор за промени.

Нема промени и кај премиерот. Во својата немоќ тој да открие зошто баш по враќањето од Бугарија Бранко Црвенковски реши да ги соопшти на јавноста информациите за прислушувањето во Македонија, тој ја изнесе тезата дека ние , според негова оценка како познати антибугари, тоа сме го измислиле само да не дознае македонската јавност дека ние во Бугарија сме го поздравиле унапредувањето на македонско-бугарските односи. Се надевам дека нема да го разочарам, но ние се гордееме со тоа што наидовме на топол прием во Бугарија, што изјавивме дека ниту една политичка партија во Македонија, во Бугарија не смеат да имаат некаков монопол во воспоставувањето на добри односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Ние, таму изјавивме дека не сме задоволни од формулацијата за јазиците со која се потпишуваат договорите меѓу двете земји. Но и дека, ако дојдеме на власт, не ни паѓа на памет да ги поништуваме веќе

потпишаните договори, бидејќи сметаме дека Република Македонија мора сериозно да се однесува кон меѓу народните меѓународно преземени обврски. Го признаваме правото на секоја Влада да го направи најдоброто што може во развојот на односите со соседите и дека секој од нас има одговорност, независно од промените на власта тие односи да ги унапредува во согласност со меѓународното право и во согласност со принципот на взаемното почитување на земјите потписнички.

Таму, во Бугарија, за жал на некои кругови овде ја разбивме сликата дека овде постојат антибугарски партии и ставивме јасно до знаење дека одбраната на македонската национална посебност, на македонскиот јазик, култура и историја не ги сметаме за антибугарски појави, туку за наш долг и за наша гордост што беше и примено и поздравено. И на крајот би сакал да кажам уште нешто.

Денес, секому е јасно дека кога бе се случи вакво нешто, како што е масовното прислушување на лидерите на политичката опозиција и масовно кршење на човековите права, дека за тоа не можат и не смеат да бидат, обвинети сите политички партии на власт и целокупното нивно членство. Денес секому е јасно дека е тоа дело на малкумина во власта кои власта ја злоупотребиле за воспоставување контрола врз опозицијата, но, можеби и за контрола врз сопствените коалициони партнери и членови. Се додека не се собере сила да се открие и спречи ваквото антиуставно и недемократско однесување, сите се наоѓаме во опасност. Многу е тешко да се очекува дека токму оние што стојат зад ваквата активност дека ќе дозволат таа да биде откриена. Напротив, таа може да биде продолжена во уште по масовни димензии. Оттука, опасност од ваквото дејствување не постои само за опозицијата, туку и за сите оние во партиите на власта што бараат демократски промени и кој бараат придржување на луѓето од власта до изборните програми со кој победија. Токму заради тоа сакам да Ве убедам дека борбата за откривање на сторителите на ова дело не е борба за враќање на СДСМ на власт. Јас сум длабоко убеден дека ова не е единствената можна Влада што ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери можат да ја имаат во Македонија. Напротив, со поднесувањето оставка на оваа Влада на премиерот и целата Влада и со формирањето на една демократска влада на сегашното парламентарно мнозинство, кое ќе се придржува до својата изборна програма партиите на власта ќе профитираат најмногу. Длабоко сум убеден дека демократскиот потенцијал на членството од овие партии е способно да избере влада кој нема да ја шири догмата за поделеноста на Македонија за два непријателски табори. Влада која нема политичката опозиција на Македонија да ја третира како непријателска група, која мисли лошо на Македонија и која ќе овозможи одговорните луѓе од власта и опозицијата да создадат услови за одржување на фер и демократски избори и за нормален разговор и договор околу сите прашања од витален национален интерес. Бидете убедени дека, покрај сите остри критики упатени од наша страна кон власта, длабоко сме убедени дека ја делиме загриженоста со голем број членови од партиите на власт за судбината на Македонија

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Ковачевски Стојан.

**КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН:**

Почитуван г-дин потпретседател, почитувани пратеници, почитуван г-дин заменик министер во МВР. Преголема е одговорноста на Собранието во чинот на разгледувањето на Информација и Предлог заклучоците на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во врска со масовното прислушување на разговори на носители на јавни функции, новинари, граѓани на Република Македонија од страна на државни органи. Чинам дека Предлог заклучоците се прифатливи и добро поткрепени со текстот на информацијата, и воведниот збор на претседателот на Комисијата. Воедно треба да се подржи и работата на собраниската комисија за заштита на човековите права, чија активност е во тек. Проблемот со скандалот прислушување без оглед што комисијата точно не утврдува од каде се прислушувало, е длабоко безбедносен проблем. А, безбедносниот систем е типично витална државна функција и, заедно со одбранбениот систем се двата основни столба на државата ја имаат исклучително назначено општествена димензија. Оттука, безбедносните појави и состојби, како дел од нашата актуелна реалност не треба да се нострифицираат, ниту да се игнорираат, да се бега од нив како од нешто тајно, што не треба да се обелоденува и за кое не треба да се зборува. Напротив, безбедносните појави што ја загрозуваат сигурноста на луѓето, за жал, стануваат дел од секојдневието, треба да се ставаат од

контрола на општеството. Безбедноста не е политика , но велат дека постои политика во врска со безбедноста. Од квалитетот на безбедносната политика во земјата директно се зависни човековите права и слободи. Безбедносната политика во поширока смисла на зборот, што се води на ниво на држава демократските парламентарни системи, пред се е во надлежност на Парламентот и шефот на државата, а пак другите институции имаат надлежности и одговорности да ја спроведуваат утврдената безбедносна политика. Внатрешната безбедносна политика кај нас треба да ја реализираат: Прво Владата и нејзините институции и органи, второ судството и трето граѓаните. За граѓаните основен интерес е да постои здрав безбедносен ј систем што не смее да се руши од страна на отуѓени структури во општеството од било која страна. Во аферата со прислушувањето се појави голем демек на безбедносниот систем. Затоа пратениците, како претставници на граѓаните имаат и право и должност да расправаат по проблемот. Навистина, нашата објективна заложба мора да биде насочена, I прво, кон лоцирање на политичката одговорност за противуставниот чин на прислушувањето. Неспорно е сознанието во Информацијата дека опрема за масовно прислушување има само МВР и тоа софистицирана опрема за истовремено прислушување на стотина мобилни и фиксни телефони. Тука, со право патениците очекуваат наместо опструкции од власта, од државните институции, од МВР, со своите стручно-експертски екипи да презентираат стручно компетентни, точни и чесни одговори што , за жал, до денеска ги немаме на располагање.

За да не се повторувам во дискусијата од она што до сега не е презентирано за сите можни варијанти и претпоставки во овој скандал, МВР не ќе може да е изземе од одговорноста, ама министерската Доста Димовска не може да ја избегне, за сега политичката одговорност. За кривичниот дел на одговорностите надлежни се правосудните органи.

Министерката објави оставка од причини на морална одговорност. Јавноста виде една оставка, меѓутоа виде и проблематично не прифаќање на оставката. Значи, оставката е повлечена, како да не постоела. Дали оставката била блеф или не, пред граѓаните таа веќе пропадна. Дали со тоа пропадна и моралот на кој се повикуваше во текстот на оставката?

Одговорност нема. Одговорноста ја презема премиерот и Владата. На ваков начин одговорноста и се проширува и се продлабочува истовремен И сега, кој ќе не убеди дека прислушувањето не ќе продолжи, а опструкциите во МВР, за да не се открие правата вистина и сто е" продолжат, дури и ќе се продлабочат со присуството на министерката и понатаму.

Сега, од Владата таа доби и одврзани раце за, таканареченото, довршување на коренити реформи во безбедносните структури во МВР, пред се со до ослободување од таканаречените стари кадри. Тие, недовршени реформи почнаа експресно, со доотпуштање бројни припадници во Министерството, а не се крие дека тоа продолжува и натаму. Образложението, меѓу другото, било издавање државни тајни односно кодошење. Може да се претпостави дека во оваа хајка, а уште ќе горат бројни професионалци школувани и искусни оперативци, најголем број луѓе од работничко и селско потекло. Добар дел од нив претпоставувам дека учествувале во градењето на безбедносниот систем на самостојна и независна Македонија десет години наназад. Веројатно нив ги нарекуваат предавници и кодоши. Тие биле оние кои ги издавале државните тајни.

Овде сакам да спорам со реториката на власта од ваков вид на етикетирање. Тоа се систематски методи на заплашување и замолчување на евентуалните сведоци во скандалот прислушување. Прво се инсистира на задолжителен знак на равенство помеѓу тајните на власта и државните тајни. Еве, во конкретниов случај на овој скандал, што е противуставен чин, воедно и противдржавен , по мене, не може никако да го носи заштитниот знак на државна тајна, а може да се вика тајна на власта.

Зборот кодош, како наменет епитет за потребите на власта е неправеден и погрешен. Зборот кодош народот го употребувал уште од турско време. Впрочем и зборот е од турско потекло. За народот, прав кодош бил оној кој кодошел и предавал кај окупаторската власт или окупаторските власти, комити, војводи, борци, партизани и други патриоти. А, окупатори овде имало по доста. Додуше и недозволеното противуставно и противзаконито прислушување може да се смести како вид на специјално модерно кодошење, ама тука кодош е нарачателот, а не службениот оперативец службеникот оперативец кој професионално, за плата и гола егзистенција извршува службена

должност, често пати и не знаејќи за каква цел и за чии потреби.

Овде, штом семе на оваа тема, потребно е да направиме оградување или дистанцирање од недозволени ниски криминални, свесни кодошеше прислушувања на телефони, порано прислушувања под пенџер, сме слушале од постарите. Во минатото, навистина имало многу вакви случаи кои нанеле голема штета и неправда и на недолжни и чесни граѓани. Ним , длабоко им е нарушено достоинството, човековите права и слободи. Но, минатото никого не амнестира, тоа да го прави и денес и повторува.

Претпоставувам, со цел да се забошотат доказите за валканите работи и вистинските виновници, наместо масовно истераните на улица, со класични чистки, се примаат нови партиски послушници. Ваквите реформи и реконструкции, заедно со актуелното масовно прислушување, се сомневам дека имаат некаква врска со НАТО и ЕУ. Ова е само залажување на граѓаните и на надворешниот фактор за потребите на власта. Ова е продолжување на разградувањето на безбедносниот систем во државата со тешки и иреверзибилни последици за Македонија ако не се спречи.

Почитувани колеги пратеници,

Во оваа работа Парламентот мора да оди до крај и да биде на висина на задачата без оглед на тоа која партија и кои личности ќе настрадаат. Државните интереси се над партиските. нема сигурна држава и сигурни граѓани без демократија за сите и без здрав безбедносен систем. Безбедносниот систем дефинитивно се руши со тотална партизација на полицијата и тоталитарни методи. Од стариот еднопартиски систем научивме што е лошо. Проектот, држава, полиција и партија се во едно е смртоносен по демократската држава. Тоа е веќе видено. Но, пред очите на сите граѓани се случува уште потежок рецидив од минатото да не бидеме слепи.

Уште нешто, господа кажете во која демократска парламентарна држава првиот полицаец и прв кадровик и уште на врвот на владејачката партија? Ве потсетува ли тоа на што? Тоа е времето на Ранковиќ. Ранковиќ падна, а кај нас нема одговорност невиден безбедносен скандал кога власта се заколна дека со отворањето на досиејата се затвора една лоша пракса од минатото. А, што добивме? Највулгарно понижување за замена на старата полициска пракса сега со најсофистицирани методи на прислушување. Аферата на масовно прислушување ја вознемири јавноста и длабоко ја загрижи. Можеби е јасен интересот на власта за прислушување на политичките противници, новинари и други личности и тоа за време на избори. Изненадувачки е срамот на државата со прислушувањето на некој странски амбасади кој изразуваат континуирана поддршка на самостојноста и независноста на Македонија.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

А најчудна е и најизненадувачка недовербата кон своите, па прислушувани се свои министри, пратеници, јавен обвинител, дури и шефот на државата, кој е и врховен командант на вооружените сили. Тоа е веќе крајна дрскост и премногу голем дефект, дури и болест на безбедносниот систем на државата, што стручњаците го викаат социо-патолошка состојба. Асоцирам дека и во хуманата медицина некогаш нешто слично се случува со имунолошкиот систем, а тоа е одбраната на човечкиот организам, кој ако заболи се случуваат и најтешки болести и наместо да го брани здравјето на човекот, заболениот имун систем ги напаѓа сопствените структури како туѓи, едноставно не ги препознава своите структури. Тоа е групата на автоимуни или автоагресивни заболувања, многу тешки и опасни понекогаш по човечкиот живот. Еве, ова што ни се случува во државата е слично, разорување на сопствениот безбедносен систем со загрозуваше на опстанокот на државата. Последен час е и сите заедно со отворени очи да ја согледаме таа опасност и да ја спречиме.

Нешто кратко за досегашната расправа во Собранието. Не можам да не кажам, колку што се сеќавам за изминативе 10 години повеќепартиски живот, во Македонија во парламентарна расправа за прв пат еден пратеник за колега друг пратеник наместо аргументи од говорницата многу лесно изговори тежок збор - "затворски решетки". Тоа е многу морбидна работа, досега во македонскиот Парламент неслушната и невидена, решетките и лисиците надвор од реториката на Парламентот.

Од друга страна пак се случува и нешто друго. Упадливо е во Парламентот, посебно кај еден дел на пратениците од позицијата, нема баш голема загриженост за случајот, напротив, лежерност, минимизирање, потценување до игнорирање на проблемот, дури до рамнодушност кај некои. Рамнодушноста и молчењето е присутно и кај структурите надвор од Собранието. Што е тоа? Не е заинтересираност или страв? Тоа веќе

загрижува и тера на сериозно размислување. Зошто ова го велам?

Почитувани пратеници, се сеќавам, тоа беше скоро, на 31 јануари о.г., пред пратениците и пред целата македонска јавност од оваа говорница свое обраќање имаше нобеловецот Ели Визел. Клучен збор во неговото обраќање беше рамнодушноста на луѓето како големо зло и опасност за човештвото во минатото и сега, а сигурно и во иднината. Како напатен евреин во минатото, а сега филозоф, писател и универзитетски професор во Америка, неговата порака има универзална тежина. Се сеќавам дека рече меѓу другото, спротивно на политичкиот цинизам не е идеализмот, а спротивно на идеализмот е рамнодушноста. Со слична порака паметам едно сведоштво или исповед на еден друг универзитетски професор, висок интелектуалец од предвоена Германија. Во тоа време, кажува тој, таму во неговата земја почнале да ги тероризираат најпрво комунистите и евреите. Не бев ниту комунист, ниту евреин, па си молчев. По нив на ред дојдоа синдикатите, не членував во ниеден синдикат и пак молчев. Потоа почнаа да ги изоставуваат сите кои не припаѓаат на нивната партија и на крајот дојдоа на Универзитетот и потоа јас се најдов во логор. Таму имав доволно време за размислување колку јас и пред се останатите интелектуалци во Германија сме виновни со својата индиферентност, рамнодушност и молчење за страдањата што на луѓето им ги донесе времето на Втората светска војна. Ве молам, прифатете ја само универзалноста на пораката. Верувајте ми дека немам никаква намера за некаква паралела, не дај Боже. Ние сепак живееме во едно друго време во современа Европа. Тоа што било тогаш целиот свет го осуди, вклучувајќи го и германскиот народ. Сакам само да ја пренесам импресијата од нобеловецот Ели Визел, евреин по потекло и слична порака од еден Германец интелектуалец.

На крајот ќе се присетам на првиот пратенички мандат во првиот Парламент, кога госпоѓицата Доста Димовска беше истакнат пратеник. На последното нејзино импресивно обраќање на Собранието јас и реплицирав кратко дека со оглед на тоа што била многу строг ортодоксен професор по марксизам, добро би било да се извини на своите поранешни учесници и студенти. На мое изненадување, тогаш пратеничката Доста Димовска излезе на говорница и рече, ќе парафразирам: Да, во право е пратеникот, јас им се извинувам на моите студенти. Кога предавав марксизам, беа други времиња итн. Тогаш пратеник, а денес министер на Министерството за внатрешни работи на Македонија и потпретседател на Владата, сега по повлекувањето, односно одбивањето на оставката, зарем не ви тежи моралната одговорност на која се повикувавте во текстот на оставката. Зарем не ви тежи вознемиреноста и општата загриженост на граѓаните во Македонија или можеби имате потрепни информации. Парламентот и граѓаните од вас бараат многу одговори, покрај одговорите за скандалот со прислушувањето, се чекаат одговори за вистинските виновници за другите случувања во МВР, за убиствата и повредените. Останавте должни пред граѓаните за вистината за Арачиново, Кондово, Теарце, за Танушевци, за грозното убиство среде бел ден во Радолишта во Струга и струшко и други убиства. Со одговорност за сите овие несреќи и тешки инциденти потребно е да соберете храброст и да излезете овде пред граѓаните со извинување и заминување за доброто на Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, иако атмосферата не е баш пријатна во Собранието, бидејќи истото не е само полупразно и без кворум, туку нема ни дваесетина пратеници, сепак ќе дискутирам, иако некој се погрижил во мое отсуство да ми го "дигне" текстот на дискусијата. Но ако може текстот да се земе, тоа што ми е во глава сигурно не може и затоа се решив да дискутирам.

Во последно време сум принуден да го сменам редоследот, бидејќи прво сакав да упатам една критика до претседателот на Собранието за неговото ноншалантно однесување во одбивањето на барањето за свикување на итна седница и расправа по оваа тема. Но прво претседателот на Собранието не е присутен овде, претпоставувам објективно и заради тоа немам на кого да ги упатам моите забелешки во тој поглед.

Второ, после некои дискусии од парламентарното мнозинство, а особено после дискусијата на премиерот, со одлучив уште на почетокот на мојата дискусија да дадам еден предлог. Бидејќи од дискусијата единствен заклучок кој може да се извлече е тој дека Владата е во опасност од опозицијата, медиумите и граѓаните и таа не

може да функционира како што треба, таа е спречена да делува, сите проблеми кои се случуваат и се наметнати политички - неполитички мотивирани итн., да донесеме еден закон кој би носел наслов "Заштита на Владата од страна на опозицијата, медиумите и граѓаните на Република Македонија", за да може и тој последен адут ако може така да се каже да им го земеме на господата од Владата и во иднина кога ќе имаме вакви расправи или слични проблеми да не можат понатаму да се повикуваат или да наоѓаат алиби во настапите на опозицијата, медиумите итн. и да бидеме барем на чисто што понатаму. А опозицијата и така е подвргната на секакви малтретирања, тогаш тоа да го легализираме за да може работата да биде чиста. Ако можат да ве тепаат на избори, ако можат да ве убиваат, ако можат да ве прислушуваат, ако можат сто работи да ви направат, тогаш дајте сето тоа да биде легално и Владата да биде на чисто.

Второ, да донесеме дополнување на времениот Деловник за работа на Собранието и во иднина господата пратеници од парламентарното мнозинство да немаат проблеми во комисиските расправи, да не бидат мајоризирани од двајца или петорица, па каде го има тоа? И заклучоците, извештајот на Комисијата да биде онака како што сака мнозинството. Мене навистина ми е неразбирливо како се жалат пратеници, членови на Комисијата од владиното мнозинство, парламентарното мнозинство како не чинел извештајот, како заклучоците не се добри, а тие се петорица, а од опозицијата се двајца. Дајте да направиме правила на игра во Комисијата во Парламентот, пратениците од парламентарното мнозинство да си ги наметнат своите ставови, да можат да ги коригираат извештаите и откако ќе се состават да можат да се сменат заклучоците и секогаш да биде по нивна волја. Во иднина веројатно нема да се случи во расправата тие да се дистанцираат од извештаите на комисиите во кои тие се мнозинство.

Што се однесува конкретно на расправата во однос на прашањето, мислам дека ова прашање треба да се разгледува во еден многу поширок контекст, а тоа е во контекст на повеќето збиднувања откако е оваа Влада на господинот Георгиевски на власт, за да можат да се извлечат исправни издржани заклучоци. Ако прва работа на оваа Влада по нејзиното инаугурирање во Собранието беше да ги стави под капа медиумите, се разбира кај тие каде што и формално таа е сопственик или дел од акциите се во нејзина сопственост, да ги диригира, да ги става своите партиски комесари на чело на тие медиуми, тие медиуми денес да имаат по 200 - по 500 примероци тираж итн., ако прва задача на оваа Влада беше да ја расчисти колку што може повеќе администрацијата од нелојалните или"политички обоени" и да става на врвни раководни институции и места каде што е исклучиво по професија и стручност треба да се поставaт луѓе, тогаш требаше да биде јасно дека следен чекор ќе биде некоја слична ситуација и требаше да биде јасно дека нешто крупно ќе се случува во Македонија и дека демократијата во Македонија е во опасност.

Не помина многу време и тоа се случи. Првите прашања кои се случија беше упадот врз правосудните органи, смената на јавниот обвинител и луѓе кои не беа по теркот на Владата избрани. Понатаму, се случи правосудните органи, судството да бидат секогаш на работ на одговорноста заради самостојно делување и практицираше на власта, да им се одбиваат предлозите, да се разрешуваат, да се именуваат луѓе кои не се предложни од страна на судските органи, од страна на судовите итн. се со цел да се крои политиката во рамките на една посебна гранка на власта како што е судството, за да се има тотална контрола, освен во медиумите, во стопанството, во Парламентот да се има контрола и во тој трет сегмент кој велиме дека треба да биде најнедопирлив од страна на дневно-политичките влијанија во една земја.

Во областа на економијата се случува тоа што се случува. Долго време Владата се извлекуваше со паролата дека сме во незавидна ситуација, ја имавме косовската криза, оваа или онаа блокада и за се што беше направено лошо или ненаправено, секогаш виновникот се наоѓаше надвор од границите на земјата или причинител за тоа е "вис мајор" а не личните субјективни слабости на тие што ја раководат земјата. И се случи тоа што се случи, наместо намалување на вработувањето како што се ветуваше зголемување, наместо намалување на даноците зголемување, наместо намалување на цената на бензинот зголемување на цената, наместо намалување на цените на комуналните услуги и јавните претпријатија енормно зголемување. Само да ве потсетам на последното со импулсот на телефонските приклучоци и тоа 10 дена пред да се продаде на штета на своите граѓани, а на

сметка на тој што вложува, странска компанија, странски компании итн. Наместо да се случи зголемување на инвестициите - намалување, наместо да се намали трговскиот дефицит - зголемување, а сето тоа беше насочено во програмата со која се доби легитимитет при поддршката на граѓаните оваа Влада денес да владее со земјата. Но тоа не е најголемото зло. Најголемото зло е тоа што денес се партизира и стопанството, тоа што директно се вклучуваат политички партии на власта во бизнисот. И замислете, за мене несфатливо, премиерот рамнодушно дава изјави и вели па што има лошо во тоа. Што има лошо во тоа фирма на ВМРО-ДПМНЕ да врши бизнис и тоа во име на партијата! Никаде, и тоа апсолутно никаде каде што има правила на игра тоа не се случува. Имавте прилика низ печатот да ги видите компаративните податоци како тоа е регулирано во Германија, Америка, Британија, Италија итн. Замислете, граѓаните ви дале мандат вие да управувате со земјата, а вие во име на тој мандат формирате политичка партија и си вршите бизнис на своја сметка и на сметка на политичката партија. Дајте тогаш да играме со отворени карти и да излеземе да го бараме мандатот во тоа име, ние сакаме да ги добиеме изборите за да формираме после политичка партија, од позиција на власт да вршиме бизнис. Трагично е кога од првиот човек на Владата ќе слушнете одговор дека тоа е сосема разбирливо, што има лошо во тоа. Па полошо не може да му се случи на еден премиер или на една Влада туку да настапува на тој начин.

Како резултат на сето тоа на овие девијантни појави во општеството, разбирливо е како финале на таа игра да биде борбата или пресметката со опозицијата. Тоа се виде на почетокот на претседателските избори и финалето на локалните избори, пукање, ранување, убиство, поништување на изборни резултати, крадење на ливчиња итн.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (продолжение)

Тоа не е ништо, туку обид да се уништи опозицијата. А, еден од барометрите за демократските процеси во една држава е токму тоа, положбата на опозицијата визави власта во едно општество. Колку таа се чувствува слободно, колку е таа слободно во нејзиното делување колку е таа во можност да се изрази низ медиумите, пред се, тие кои имаат јавен карактер. Колку се демократски изборите во една земја итн., гледано од политички аспект, да не зборуваме за судството медиумите итн. Ако може во било кое време да Ви се прекројуваат резултатите и ако во тоа не се успее со мирни средства без пролевање на крв, да се осудите и да пукате врз партиски активисти на партиска опозиција, тогаш што треба да очекуваме од демократија во една земја. И, конкретно, после сето тоа доаѓа еден од начините како да се пресметувате со опозицијата и со тие што се неистомисленици е да се служите со вакви оперативно технички можности, какви што дава безбедносниот систем на една земја, т.е. прислушувањето преку МВР односно оперативно техничките можности на овој орган. И, сега, имате извештај на Комисијата и имате заклучоци во кои се вели, да , прислушување има, да прислушувањето е масовно, да, прислушувањето е политички мотивирано. Оперативно-технички средства и можности има МВР тоа да го направи. Друг во земјата не располага со такви можности и вие го поставувате прашањето, па, кој го направил тоа? Очигледно велите опозицијата. Опозицијата сама се прислушува, опозиција јата се убива сама себе, опозицијата се ранува, опозицијата си ги нанесува на своја штета изборите, се опозицијата, што значи вакви камимкази во редовите на оваа опозиција во Македонија, нема никаде во светот. И, тоа, се во полза на Владата, која колку ја негира или ја напаѓа или не ја сака или во секој момент е спремна да ја руши.

Е, пак, не се поклопуваат ваквите податоци или не одат во прилог на тоа што сакаме како заклучок да го изведеме.

Затоа, мене ми е сосема јасно кој, како, зошто, го направил тоа. ако сакате да имате материјален доказ во формално правна смисла, налог напишан, министер за внатрешни работи му наложува на тој и тој да го направи тоа, тоа нема да го најдете, затоа што тоа не постои. Но, ако сакате сведок на кого му е наложено тоа да се направи, тоа може да се обезбеди, но, прво, треба да расчистиме со една работа, да го заштитиме тој сведок, утре да не подлегнува на опасностите кои денеска се очевидни. Да го обезбедиме дека утре нема кривично да одговара затоа што ќе го зборува. Ако вие однапред кажувате дека тоа нема да го направите, а барате сведок да Ви сведочи тогаш сосема е јасна работата, тоа ќе се заташкува до последен момент додека тоа е возможно. А, јас сум убеден дека додека е оваа Влада, ако СДСМ нема поконкретни аргументи дека тоа ќе биде запоставено, затскриено итн., итн. И, сега, визави тоа, и одговорноста на тој што раководи со ресорот, иако е очигледно дека

одговорноста не е само нејзина, за што внимавајте, ако во една земја е прислушуван претседателот на државата, министри , актуелни и поранешни, членови на парламентот, од парламентарното мнозинство, од опозицијата и позицијата, претседатели на политички партии во позиција и опозиција, за новинари и другите да не зборувам, а во целата држава само тројца не се прислушувани, тогаш сосема е јасно од каде доаѓаат наредбите, кој тоа го наложил, кој тоа го спроведувал, и кој ја извршувал наред бата. Вие сакате да ја отповикаме целата ситуација и да рече, ех, па во целата ситуација, ја препознаваме Доста Димовска, но, Доста Димовска не е одговорна само за случајот прислушување. Доста Димовска, меѓу другото е одговорна за прислушувањето и во далеку подемократски развиени земји за вакво масовно и политички мотивирано прислушување, не да оди министерот за внатрешни работи, туку цела Влада поднесува оставка, да не речам и понатаму. Но, кај нас тоа е малку. Па, малку е, и ако на избори Ве убиваат и тие луѓе утре си шетаат без да им фали влакно на главата, без да се земаат на одговорност или денеска ги земаат па утре ги пуштаат, малку е и тоа, да се случи да се убиваат полицајци, невини луѓе, да се малтретира и тероризира цело население, само заради фактот што случајот Арачиново се случил во едно населено место. Да се тероризира цела општина Тетово зашто се случило Теарце, таму а без да се има конкретни индиции дека зад тоа стои тоа население или членови на семејства кои живеат во тие села од каде што се приведени итн. И, после, имаме случаеви, како што е Арачиново, судски процес, маратонски, приведени, притворени, над една пол година, задржани во притвор лица зад кои никако да дојде судот до материјални докази, да го докаже обвинениeто за што се товарат. Или, на најпластичен начин бранителите на тие што се држат денеска внатре, да имаат докази доволни, во било кое време да го рушат обвинението за тие граѓани. И, затоа денеска процесот е таков каков што е. затоа, денеска во Теарце некој се обвинува за што е пронајден пиштол или не знам какво оружје бесправно пронајдено односно без право да се држи, а не за тоа што се случува во Теарце. Зашто, Владата не е во состојба тоа да го најде. Или, не може да најде каузална врска помеѓу тие што ги има притворено и делото што се случило. Или, Да ви се случуваат многу, многу други, работи како што беше Арачиново, Кондово, Тетово, Дебар, Теарце итн., и пак ние да дојдеме до заклучокот за тоа одговорноста да ја бараме кај другите.

Одговорноста, господа пратеници, има две димензии. Првата димензија, зборува пред се, за политичката одговорност, за што за судската се надевам во случајот ќе проработи конечно судството на непристрасен и неоптоварени дневно политичките збиднувања во земјата и ќе го докажат тоа во редовна судска постапка. Но, јас зборувам за политичката одговорност. Таа има две димензии. А, тоа е субјективната и непосредната инволвираниот на носителот на јавната функција во противзаконските дејанија и објективната. Еве, да претпоставуваме дека Доста Димовска не е непосредно инволвирана во случајот прислушување, да не зборувам за другите. Еве, да имаме дури докази дека тоа го направил некој надвор од системот на МВР или без нејзино знаење, иако се случува во МВР. Таа е одговорна, за што, согласно законот за органите на управата, и другите прописи, министерот и министерството за внатрешни работи е должна да ги открива сторителите на кривични дела. Ако се согласуваме, а мораме да се согласуваме, дека прислушувањето е кривично дело, со Устав забрането, со закон санкционирано тогаш се поставува прашањето кога МВР нема докази валидни ова инкриминирано дело да го препишува на Исмет Рамадани или на Гештаковски, дека тој е сторителот, тогаш во тој случај таа политички објективна е одговорна за неоткривање на ова кривично дело, кое има политички димензии.

Затоа, мислам дека крајно време беше министерот за внатрешни работи да поднесе оставка, како што и направи. Но, не со претходен договор со претпоставениот, за да после се повлече истото и да се случи тоа што се случи, туку вистински да ја сноси одговорност за состојбите во органот со кој раководи и да се релаксира колку толку политичката сцена во Македонија и да продолжи еден дух на соработка помеѓу позицијата и опозицијата и сите спремни да ги дочекам наредните избори и да имаме фер и демократски избори. Да не одам ни чекор понатаму дека требаше да се очекува и оставка на Владата и формирање на нова Влада со нов премиер со одговорни луѓе, кои не мор да бидат од истите редови но можат да бидат од истите политички партии. Како и да е мислам дека без двоумење, треба да се заклучи дека одговорен за овој случај е министерот за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Колеги, да го ислушаме уште наредниот говорник, па да дадеме пауза за ручек. Збор има Благоја Стојкоски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседател, нема министри, нормално, нормално е кога се расправа за една ваква тема да немаме претставник од Влада, знаејќи дека на Владата се и е јасно и нема потреба да слуша некој пратеник.

Аферата прислушување, за мене, е само еден сегмент од една сигурност на граѓани кои живее во ова демократско општество. Во изминатиот период од воведување на повеќепартискиот систем, темел ни определби на македонското општество беа изградба на еден демократски амбиент, во кој ќе се гарантира, пред се, слободата, и заштитата на човековите права. Овие темелни определби се идентификуваа како национални и државни определби се со единствена цел нашава држава што поскоро да биде интегрирана во Европа.

За остварување на овие темелни определби, пред се, мораше да се работи на развивање, модернизација и усогласување на државните институции со стандарди на институции кои ги имаат Европските земји, а тие институции имаат одредени стандарди, имаат одредени критериуми и мерила, а како еден од најбитните критериуми и мерила е човекот, граѓанинот и овозможување на негово сигурносно живеење во овој демократски амбиент. Без разлика во таа сигурност на живеење дали се работи, за безбедносна, економска, социјална сигурност, државата, власта е должна таа сигурност да ја гарантира, а најмногу е должна да ја гарантира сигурноста во почитување на темелниот принцип во демократските општества, право на приватност, кое и со Уставот на Република Македонија, со член 17 е загарантирано.

Јас не сакам не сакам да се вратам во 1991 и 1992 година, тоа е предолго минато време, сакам да го согледам каков е демократскиот амбиент и каква сигурност има граѓанинот во овој момент.

По однос на безбедносна сигурност, која мора да ја дефинираме како сигурност на границите на држава, и внатрешна сигурност, можам да кажам следното:

На границата си безбедносно сигурен, само кога гледаш телевизија и тоа по можност ако може да биде македонска телевизија. Ако пак, ако ти се случи да отидеш на границата како војник или граѓанин, тогаш исто така си многу сигурен безбедносно, немој многу да се плашиш, ништо не може да ти се случи, освен да бидеш заробен на своја територија и заменет за некој криминалец. Или пак, исто тоа да бидеш заробен на своја територија, меѓутоа, брзо уште, посебно ако си од некоја добра телевизија. НО, средствата за работа ќе ти бидат задржани, ќе ти бидат одземени, камера, ќе ти биде одземена апаратот и се она друго што како новинар го имаш.

По однос на движење низ државава најбезбедносен си ако се движиш со некој транспорт во кој, за твоја среќа, ќе се транспортираат царини или нешто друго. Тука, не размислувај за безбедност, тука имаш обезбедувања, до крај, бидејќи зделката е таква, која носи огромна провизија и не дај Боже некој да се меша во неа. Меѓутоа тука си исто безбеден, затоа што оперативната техника, со која располага државава, нема да биде употребена и биди сигурен нема да биде ш прислушуван.

По однос на сигурност во градовите, во селата, во патиштата, исто така, си многу сигурен, безбеден си, само на една работа мора да внимаваш што правиш.

Прво, не смееш да се движиш во близина на полициските станици. Случајно можеш да настрадаш од некој проектил или бомба, Куманово, Осломеј, Зајас, Теарце. Немој да се најдеш ни во близина на спроведување на некоја акција на Министерството за внатрешни работи, бидејќи и самите припадници на Министерството за внатрешни работи не се многу безбедни, Арачиново, Теарце, а ти ако се случајно таму се најдеш, богами ништо нема да ти се случи, освен што ќе бидеш претепа до смрт и ќе потпишеш се што ќе ти се даде,"Киро Фетак".

По однос на безбедносна сигурност на тебе и на твоите деца посебно од организираниот криминал,дрога, проституција и друго, не размислувај, според кажувањето на премиерот бројките на фатените количини на дрога се толку големи што навистина ќе те боли глава.

Меѓутоа, знај дека во криминалот она што ќе се открие е многу мал процент, другиот процент е огромен што влегува во оваа држава, но и тука си безбеден, бидејќи техниката, оперативната техника, за прислушување и тука не се употребува. Ако пак треба, по некоја случајност да го искористиш демократското право да гласаш, не мора да одиш и да гласаш. Овдека, во оваа демократија има кој за тебе да гласа, па на Европа, Еве ќе и докажеме дека во

Република Македонија во последниве години се постигнува процент на гласање над 102%. А, пак, ако се осмелиш, одразиш, и да одиш да гласаш , тогаш, за секој случаи обезбеди си панцирско одело, обезбеди си шлем, бидејќи многу лесно може да ти се случи Кондово, Ваксинце-Охрид, меѓутоа, немој да мислиш дека ќе ги имаш имињата на чинителите на сето ова. По однос на економската, социјална, правна, здравствена сигурност, многу е битно дали имаш или немаш партиска книшка. Може многу лесно да ти се случи и ти се случува претпријатието да биде распродадено, а по него и ти, меѓутоа, затоа ќе имаш до ручек од "Мек Доналс". Може многу лесно да ти се случи иако имаш факултетска надобразба, иако си стручен, иако имаш работено 20 години работен стаж, да ти се случи прогласување за технолошки вишок по потреба на служба. И, ти останува само едно, нема, имаш 50 години, или 48 години, ти останува некој да те вработи на 50 години, и мораш да одиш во Заводот за вработување, а таму бројката стигнала до 360 илјади.

Ако пак, бараш остварувања, на работнички права, размисли кој те води. Ако те води синдикат, бегај далеку. Но, нема да добиеш ни 5% покачување на твоите примања, не што штрајкуваш два месеца, штрајкувај и 2 години, сигурен си, сигурносно си обезбеден дека нема да имаш покачување. Но, ако те води некој силен партиски човек, покачување на примањата, иако се замрзнати.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (продолжение)

Фондот за здравство ги покачи платите за над 20%, но не на лекарите и на медицинските сестри, ги покачи платите на функционерите, ги покачи платите на администрацијата, а судската администрација што штрајкува, што не работат судовите, а на министерот око не му трепнува.

Сигурно дека си среќен граѓанин, бидејќи имаш огромен број на социјални вработувања, имаш евтини станови со над 1000 ДМ по квадрат, имаш плата од 1000 ДМ, имаш евтина струја, имаш најскап бензин, најскапа нафта во Европа, сето тоа ти создава да имаш и бесплатно здравство и на крај да имаш, за прв пат во историјата на Македонија, ученици со метла. Ова предизвикува навистина создавање на еден извонреден демократски амбиент во кој граѓанинот навистина живее со едно огромно задоволство и власта, мислејќи дека ова огромно задоволство може да се претвори во една општо народна веселба, овозможила некој натрапнички да влегува во нашата интимност и не прислушува. Се со една цел оваа власт да се одржи почитувајќи ја тезата дека единствен начин да се одржиш на власт е да се има контрола над се, а покрај другото секогаш на народот ветувајќи му. Меѓу другото на граѓанинот треба само да му се подигне граѓанската свест и граѓанинот ќе прифати дека и видливото и дофатливото што се случило, ако не е потврдено од власта или од премиерот, не се случило.

Во однос на оваа афера прислушување власта веднаш сакаше да создаде демократски амбиент, да ја дигне граѓанската свест најенергично отфрлајќи ја можноста прислушувањето да е од Министерството за внатрешни работи искажувајќи дека во ова Министерство не постои таква опрема, дека тоа прислушување не се вршело од таму искажувајќи дека и други субјекти во државата можат да имаат апарати за прислушување. Замислете овие апарати за прислушување како да можете да ги набавите на Бит Пазар. Една работа мора да знаеме за да се внесат тие апарати во една држава покрај дозвола од Владата која сака да ги увезе, мора да постои дозвола од Влада, производител, инаку нема пристап до никого.

Премиерот во својот стил веднаш децидно тврдеше дека во Македонија нема прислушување, за само неколку дена потоа да се потврди дека Македонија е држава каде има најмасовно прислушување во досегашната историја на современите држави. Потоа од премиерот уследија изјави дека во нашата земја можат да се пофалат и други структури дека располагаат со ваква техника притоа заборавајќи дека токму премиерот и министерот за внатрешни работи се најодговорни да не заштитат од парадржавни институции.

По добивањето на Информацијата од Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во која се потврдува дека во Македонија имало масовно прислушување истото е политички мотивирано од причина што се прислушувани поранешниот и сегашниот претседател на државата, министри во Владата, Јавниот обвинител, претседателот на Државната изборна комисија, лидери на политички партии, пратеници и новинари.

Од понудениот извештај јасно произлегува дека опрема за прислушување во Република Македонија има во Управата за оперативна техника, која Управа е во

непосредна надлежност на министерот за внатрешни работи. За мене лично, но и за многу граѓани ова ништо не ме изненади. Во секоја држава мора, ако сакаме да имаме држава, мора да постојат вакви апарати за прислушување, но за прислушување и разоткривање на организиран криминал, на тероризам, на носители или подготвувачки на рушење на уставниот поредок кој владее во таа држава.

Оваа опрема, имајќи скромни знаења од оваа област, не може да работи ако не е поврзана со Телекомот. Сето друго се шпекулации, приказни и тоа е нормално за една држава и така треба да биде.

Ако ги погледнете овие луѓе кои се прислушувани, бидејќи е политичко мотивирано ова прислушување, да не ги набројуваме другите работи, да видиме дали некој има или дали е некој повикан на рушење на уставниот поредок во нашата држава, дали некој организираше демонстрации со пароли "гасни комори за Срби", "гасни комори за Македонци", "гасни комори за Албанци", ќе се согласите таква работа не постои. Значи, мотивираноста за прислушување е сосема друга. Морам да кажам дека овде се поставува прашање кој овозможи бесрамно навлегување во интимата, во нашата приватност, кој овозможи?. Кој носи политичка одговорност за ова?. Другата одговорност е на другите институции, ние како Парламент овде треба да ја бараме политичката одговорност што ни е одредена со Уставот на Република Македонија. Кој ја има таа политичка одговорност што овозможил некој да не прислушува.

Во досегашните дискусии слушнавме најразлични тези дека еве и оваа опозиција прислушува, богами јака опозиција сама себе се прислушува, погледнете опозиција прислушува пратеници, прислушува новинари, а не го прислушува премиерот и министерот за внатрешни работи. Малку чудно и мораме да кажеме дека заклучокот ќе не наведе дека министерот за внатрешни работи и премиерот не комуницираат. Чудно, почудно не може да биде.

Сакам да кажам дека по извештајот самиот чин на оставка на министерот за внатрешни работи кој лично го сметам за многу висок морален доблестен чин, чин кој водеше кон развој на демократијата потврдува дека одговорноста за прекршување на Уставот преку прислушување е јасно лоцирана. Одговорноста е во министерот за внатрешни работи затоа што тој е најодговорен за безбедноста и сигурноста на граѓаните. Не постои друга институција, а на таа институција на чело е министерот. Но, лично не очекував дека премиерот ќе ја прифати оставката потврдувајќи ја тезата дека во оваа работа не е сам министерот, има и други налогодавачи за извршување на оваа работа. Образложението дека министерот ќе остане и ќе изврши реформи, се прашувам зошто до сега министерот не вршеше реформи, а и таму каде ги направил тие реформи преку промена на луѓе дали навистина ги направи како треба, затоа што во Куманово имавме човек кој дојде да биде началник на МВР без ден работно искуство во МВР, отиде во една акција во еден часот по полноќ и Господ даде остана жив, доби пет куршуми во своето тело. Фала му на Господа млад човек е. Реформи со луѓе кои не знаат сами да се заштитат, не можеме да очекуваме, бидејќи не можат ни нас да не заштитат.

Сега, по не прифаќање на оставката на министерот се прашувам дали граѓанинот има поголема сигурност во институциите на државата, дали таа сигурност е зголемена и степенот на сигурноста е поголема. Дали граѓаните кои работат бизнис не се бават со нас како политика ќе можат своите бизниси слободно да ги одвиваат, развиваат, користејќи и такви средства како што се телефоните. Дали меѓународните институции и организации ќе имаат поголема сигурност да дојдат во Македонија и да инвестираат затоа што сега еве ќе му направиме реформи, меѓутоа, ова што прислушувавме до сега било и да не биде, така ќе кажеме. Сето тоа ќе има последици по Македонија, ќе има последици на тој наш пат зацртан за влегување, ќе биде тежок, но мислам дека ќе мораме да одиме по тој пат, бидејќи немаме друг излез, ја имаме Европа.

Ние во Парламентот еве трет ден расправаме за оваа многу суштинска и суптилна работа од кршењето на Уставот во кој се извршени кршења на основните слободи и права на човекот, на граѓанинот и овде нормално имавме многу различни дискусии, дискусии во кои некои пратеници си зедоа за право да бидат и обвинители и судии поротници, па рекоа тој и тој мора да оди зад решетки. Се прашувам, ние можеме само да ја лоцираме политичката одговорност, но да пресудуваме вака, се прашувам за нашата пратеничка доблест каде е и зошто на пример не побаравме да искажеме таква пресуда за оној што го

прекршил или оној што овозможил да се прекрши Уставот. Испадна по онаа народната виновен е тој што рекол "Кралот е гол", а не е виновен оној што го пуштил Кралот гол меѓу народот.

Верувам, а и овде некои се повикуваа на судската власт, јас морам да ви кажам дека верувам во судската власт и нема што ние како пратеници да ја повикуваме третата власт. Тие се стручни, совесни и верувам дека успешно ќе си ја завршат работата. Да видиме дали ние пратениците на овој дом имаме снага и можеме да се надминеме пред се од онаа тесно партиска определба и навистина да ја лоцираме правата одговорност пред се онаа политичката за која сме надлежни.

Овде ќе има многу дилеми во натамошните дискусии и секогаш ќе произлегува една работа дека еве го нема сведокот кој овозможил јавноста да дознае дека некој го крши Уставот во Република Македонија.

Еве јас, колеги пратеници, сакам да искажам едно вакво мислење. Прочитав во весници дека поранешниот министер за внатрешни работи бара, доколку му се обезбеди сигурност на тој сведок што го бараме, тој сведок ќе се појави. Веднаш во нашата јавност, во нашите медиуми произлезе дека ние како држава не сме го регулирале правно тоа прашање и затоа не можеме да му гарантираме безбедност. Морам да ве потсетам сите дека овој состав на овој Парламент донесе закон по брза постапка со кој ослободивме осудени затвореници. Ако е така, ако сме во дом кој донесува закони, ајде да кажеме дека ќе донесеме закон по иста постапка со кој ќе гарантираме безбедност на сведокот. Ако сме демократи тој закон да го предложи позицијата, ако го предложи опозицијата или сите заедно да го предложиме можеби ќе чекаме на тој закон, за оваа седница чекавме 40 дена, а за тој закон Бог мил знае колку ќе чекаме. Еве, да покажеме дека ние тоа што ни е работа, ние не сме да судиме, да пресудуваме и да ставаме зад решетки, ние треба да носиме закони. Еве шанса да докажеме пред јавноста дека сепак граѓанинот има една сигурност во овој Парламент. Ако и ова не го направиме и останеме со сите дискусии кои беа за локалните избори итн., морам да кажам дека и во нас и во оваа највисока институција граѓанинот нема да има сигурност, нема да може да верува на државните институции. Не преземање на тоа ќе овозможиме само уште една работа, ќе овозможиме и ќе ја потврдиме тезата дека извршната власт е таа која е над зад законодавната, која се шири, која е веќе присутна.

Нема друго решение, само една работа е битна, мои почитувани пратеници. Ако дозволиме извршната власт да биде над законодавната, тогаш знајте дека демократските процеси не одат во нагорна линија, не се развиваат. Во тие процеси едно ќе биде битно дали имаш книшка, а нема да биде битно дали имаш знаење, дали имаш работливост. Знаење, работливост, само откажување водат во Европа. Не донесување на вакви работи, засилување на извршната власт не води во демократски општества, тука мора да се согласиме, такво засилување води кон едно тоталитаристичко општество кое, верувам, никој не го сакаме.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господин Стојковски.

(Има реакција од пратениците бараат пауза).

Добро, тогаш, давам пауза, а ќе продолжиме во 17,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,25 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван претставник на Владата, почитувани пратеници.

Прво што сакам да констатирам, за што мислам дека нема двобој меѓу позицијата и опозицијата, после неколкудневните дискусии по аферата прислушување, е тоа дека и едните и другите, околу тоа нема дилема, тврдат дека прислушување постоело, и при распит на прислушуваните, истите тие потврдиле дека тие прислушувања се веродостојни. Дилемата која постои е кој прислушувал и зошто тоа го правел. Јас нема да тврдам дека тоа го правела опозицијата, но при тоа би сакал да истакнам неколку тензии кои мене ми се најлогични, кој тоа го правел и зошто и второ, да спорам со неколку тези кои пак од друга страна опозицијата ги кажуваше овие неколку дена, а пред тоа на прес конференција.

Нешто што ни во еден момент не би смееле да заборавиме, на кое не

потсетуваат и членовите на Комисијата за контрола на државната безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање е тоа дека прислушувањето не е вршено во МВР, поради тоа што МВР до декември месец немало на располагање таква опрема. За истите тие заклучоци гласал

и претседателот на Комисијата, господинот Љупчо Поповски кој е член на СДСМ.

Сега ќе се вратам нешто поназад, односно на самиот почеток, кога лидерот на СДСМ господинот Бранко Црвенковски излезе на прес конференција и ја врши цела македонска јавност со тоа што излезе и кажа дека се вршело прислушување, дека тоа прислушување било масовно и при тоа на новинарите им даде материјали за кои тврдеше дека бил прислушуван материјал и дека тоа се само 10% од материјалите кои истиот ги поседува. Така како кај сите и кај мене се јави еден голем немир, кој е тој што тоа си дозволил да го прави.

Сега ќе си дозволам да дадам еден краток коментар на она како реагираа новинарите, нели, СДСМ-овски расположени, на објавените материјали.

Ќе ве потсетам, две или три недели пред тоа, министер во Владата на господинот Љупчо Георгиевски, министерот за надворешни работи господинот Срѓан Керим излезе, мислам на прес конференција, или беше емисија на Македонската телевизија и во разговор со новинарот кажа дека подготвува една професионална листа на идни амбасадори и притоа спомна дека во таа амбасадорска листа гледа и некои новинари. На инсистирање на новинарот кој ми беше соговорник, тој објави неколку имиња од новинарите. Сега, благодарение на тоа, господинот Срѓан Керим се извини, не е присутен тука но би сакал да кажам затоа што мислам тоа е во ред, се направи паралела како реагираат новинарите за еден политичар кој што е од позиција и како реагираат на еден политичар кој што е од опозиција. Значи, благодарение на тоа што кажа, без консултација, имиња на неколку новинари, господинот Срѓан Керим си обезбеди прва страна на опозиционите новини и во електронските медиуми исто така, прва вест, првите пет минути беа обезбедени за него. Зошто? Затоа што не ги консултирал тие неколку новинари, а ги спомнал во контекст дека гледа како можни амбасадори на Република Македонија. Сега, од една страна го имаме господинот Керим и кажува имиња на новинари, не консултирани, како можни имиња за амбасадорска листа и од друга страна господинот Бранко Црвенковски, кажува исто така имиња на новинари, но, ќе потсетам, прислушувани и притоа објавува делови или цели дискусии што ги имале со новинари, со други новинари, со политичари, со носители на јавни функции во Република Македонија. При тоа, сега другата реакција, само, нека ми извинат, можеби и некој друг, но јас само госпоѓата Катерина Блажевска ја забележав како се бунтуваше на сето тоа и рече дека не и е право, покрај тоа што не е во ред што било прислушувано, дека не и е право што господинот Бранко Црвенковски без да ја консултира објавува делови од нејзини дискусии.

Сега, повторно би се јавил на самиот почеток кога господинот Црвенковски ги објавува документите и спомнува 10%. Мислам дека и господинот Стојан Андов и други политичари, премиерот, господинот Црвенковски да ги објави и другите е0%. Тој тоа не го прави. Мислам дека до сега никој тоа не го спомна како можност, а јас тврдам дека е тоа така.

Причината зошто господинот Бранко Црвенковски не ги објавува тие е0%, господа пратеници, тврдам дека е следното: во тие е0% дека ќе ги сретнеме имињата на господинот Љубчо Георгиевски, на госпоѓата Доста Димовска, на господинот Марјан Ѓорчев, на Амди Бајрам, на видни партиски и врвни функционери на ВМРО-ДПМНЕ, нормално и на останатите носители на власта.

Сега, замислете колку драматично се менува цела таа ситуација кога дознаваме дека само 10%, а господинот Црвенковски тоа внимателно ни го потенцира дека направил избор на материјалите кои ни ги објавува, дека во тие 10% не е целиот материјал, туку правел селективен избор, или ги прикажува тие. Сега ние добиваме слика дека токму таа партија СДСМ и токму Бранко Црвенковски бил фокусот на прислушувањето. Јас тврдам, господинот Црвенковски нека повели, нека ги извади тие е0%, останати материјали, сега да не правиме математики, ама тоа се над 1.000 страници, нека ни ги покаже и нека не увери дека не е она што го тврдат, дека господинот Георгиевски, нели, да не повторувам и сите останати носители на функции, но од политичката позиција, не се тие луѓе кои што се прислушувани.

Не може мене никој да ме увери како тоа господинот Борис Трајковски, претседател на државата, кој е посочен како можен човек кој е прислушуван и објавени се разговори со него. Сега со господинот Црвенковски заслужува, а со господинот Георгиевски не. Со претседателот на изборниот штаб на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Ѓорчев, исто така не. Никој не може да ме увери дека тука не е направена, како што и господинот Црвенковски потврди, јасна селекција и целта е таа, да се прикаже обратна слика, дека ВМРО е тој што прислушува, а СДСМ е тој што е прислушуван. Повторно ќе Ви кажам, тоа е само 10%. Тука се можни случајни грешки, луѓето кои прислушувале, не знаеле, по глас не можеле да ги познаат, па така се погодило токму во тие 10% да се погоди тие луѓе да бидат прислушувани.

Сега сакам да прозборам околу времето, зошто токму во тоа време се објавени тие материјали.

Ќе потсетам, лидерот на ДА кој мислам дека политички тежи во Република Македонија. На прашање на новинарите тој даде изјава дека тие материјали тој уште во ноември месец ги има видено и дека господинот

Бранко Црвенковски му ги има покажано. Значи постои јасно лоцирано време. Веќе во ноември месец господинот Црвенковски ги имал тие материјали кај себе. Сега, зошто господинот Црвенковски чекаше, после неговото враќање од Софија да ги објави тие материјали. Зарем таму добиваше или очекуваше да добие некои нови материјали, или пак, исто така некој во тоа време му шепнал, му рече, ова е токму тоа време во кое он треба да излезе на прес конференција. Не сакам да верувам, но се нешто ми кажува дека не случајно, после таа прес конференција, два дена после тоа беше ракетирањето на полициската станица во Теарце, во наредната недела имавме еден куп пријавувања на лажно подметнати бомби. Треба ли да потсетам исто така дека во тој период неколку припадници на МВР фатија човек, ќе потенцирам, од албанска народност, го претепаа и сега не знам дали е уште жив или не.

Во истото тоа време, не зборувам за сите медиуми, но оние кои беа од проСДСМ-овска ориентација, реториката со која се служеа беше како во секој момент да ќе почне војна, дека фали мала искра, дека веќе постои поделба. Тие тези и порано ги протуркаше СДСМ и тие медиуми, но ова сега веќе ептен потенцирано.

Сега ќе Ве потсетам, некои политичари од СДСМ тоа постојано го прават, а јас сосема накратко ќе се навратам на историјата.

И во 1е3е година Германците, германскиот народ не сакаше да војува со полјаците. Но, после секојдневно бомбардирање со податоци од медиумите, како е Геноцидиран таму германскиот народ, Германците ја направија инвазијата на Полска, за подоцна тоа да послужи за започнување на втората светска војна.

Сега ќе ве прашам господа СДСМ-овци. Како, мислите дека би изгледала политичката ситуација во Македонија кога господинот Ѓорѓиовски и господинот Џафери наместо постојани јавни осуди на тероризмот во Република Македонија, ги поставаат вака работите, и едниот и другиот дадат изјава дека се бескрајно загрижени за безбедноста на својот национален ентитет. Како тоа би прозвучело во ВМРО-ДПМНЕ? Со сигурност Ви тврдам дека нема да биде пријатно, би се јавила некоја наелектризираниот, а претпоставувам дека и членовите и сопартијците на Џафери во ДПА, исто така ќе реагираат. Што мислите, до што би дошло тогаш во Република Македонија, или тоа Ви е целта, покрај главната цел да го разнишате главниот столб на безбедност во државата, МВР и со тоа можност за отворање на некои нови сценарија кои ги најавувавте нешто порано.

Сега би сакал да зборувам околу тоа кој е изворот. Беа наведени многу, де овој бил, де оној бил, де ваму било слушано итн. Јас би Ви кажал неколку работи, а тоа е дека и технички и компјутерски полу писмен човек јасно му е дека во денешно време кога постои ваква софистицирана компјутерска техника дека службите и луѓето кои тоа можат да го направат е ненормално голем.

Сега ќе ми дозволите само еден пример да Ви дадам, како можност, кој би можел тоа да го направи.

Ќе ве потсетам, две години наназад да се вратиме, мислам дека помалку или повеќе сите имате гледано, а ако ништо друго слушнато. Имено, имаше една емисија, емисијата мислам се викаше "гледано од страна". На емисијата дојде, човекот така беше претставен, воено политички аналитичар. Два часа ја

измалтретира македонската јавност и при тоа, не верувам до сега дека некоја друга емисија или некој друг човек успеал таков хаос и паника да направи, како што тој господин тогаш успеа. Ја труеше јавноста со можни сценарија, како ќе се развиваат, да Ве вратам нешто назад, тоа беше пред започнувањето на косовската криза.

Сега, почна војната во Косово. Истиот тој човек го гледаме рамо до рамо со челниците на Југословенската армија, ама не во функција на воено политички аналитичар, туку во функција на прв или втор човек на КОС, или Контра објавената тајната служба.

Сега за оние пратеници кои не знаат или за македонската јавност, претпоставувам дека знаете, но ако постои некој што не го знае тоа КОС е таа служба, односно армијата, тоа беше и во СФРЈ, а мислам и сега во СРЈ, е таа служба која е задолжена за прибирање на разузнавачки податоци надвор од границите на Југославија. Значи тој господин е тој што бил задолжен за прибирање, па тој ни раскажуваше како тука имал многу пријатели, бил ваму, бил онаму. Сега, нели е можно истиот тој господин да му ги има дадено овие материјали на својот пулен во Скопје, ќе ве потсетам тоа се случува, тие материјали господинот Тупурковски ги има видено уште додека на власт во Србија е господинот Милошевиќ, како фала за можноста што два часа тогаш направи таков хаос меѓу македонското население со овозможената емисија и дека пак овој истиот му ги нема дадено тие материјали на господинот Црвенковски. Не тврдам дека ова е така, но тоа е една можност која е многу реална, кога се работи за конкретни луѓе. Истиот тој новинар, морам да го спомнам и тоа, два дена после објавувањето, значи овој нашиот, уредникот на емисијата "гледано од страна", два дена после објавувањето на материјалите, што, повторно ќе кажам и мене ме трогнаа, го гледаме во емисијата "лавиринт", таму повикани и неколку новинари говорат од новинарска гледна точка како ја доживуваат целата афера. Сите говорат како новинари, овој го консултираат како врвен познавач на разузнавачките техники, па те од сателити итн. Ме потресе човекот, јас поима сум немал дека такви работи постојат, човекот зборува де вакви служби, де такви служби, што била работата, човекот бил многу начитан за таа област, нели.

Сега кога веќе сум кај разузнавачите исто така ќе ми дозволите, бидејќи ова е онаа говорница од која можеме ние како пратеници да се обратиме, да ја искоментирам најступидната изјава што во моето занимавање со политика ја имам слушнато, а тоа е од врвниот, медиумски најзастапен во моментот разузнавач, тоа е господинот Слободан Богоевски, бивш директор на ДБК.

Вели, хартијата, да, Фондот, Агенција за разузнавање. Агенција за разузнавање била таа која што ..., а пред четири години бил тој. За четири години колку принуди, односно печатачи се имаат таму сменето, колку тонери се има променето и колку фондови се има. Не дај боже тој човек повторно да се врати на таа служба, да се најде некој јас, каква среќа да имам еве јас па да имам таква хартија кај мене, а таа е едната иста, не ја сите Печатачи ја користат, А4 и во Собранието сум видел и во Владата и во Штабот кај мене во ВМРО-ДПМНЕ, таа е хартијата што ја користиме. Принтерите се сега, да не правиме реклами, да не споменувам фирми, едни исти се вртат. Човекот, ни пет ни шест вели, според хартијата, според фондот, според тонерот, тоа е Агенција за разузнавање. И внимавајте, како ударна Вест нашите медиуми, не зборувам за сите, но во најголем дел, како ударна вест на Печатените весници и во електронските Медиуми одат со неговите изјави дека тој ги познавал работите, и посред пишувањето тоа е Агенција за разузнавање.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ**: (продолжение)

Околу самите материјали многу малку ќе се задржам затоа што многу луѓе зборуваа за тоа, но повторно ќе спомнам.

Пред да бидеме позиција, кога бевме опозиција, имавме прилика да видиме, а на крајот на краиштата сите гласавме за Законот за отворање на политичките досија и видовме како изгледале политичките досија на партиските челници на ВМРО-ДПМНЕ како бил прислушуван штабот и како сето тоа изгледало кога владеел СДСМ. Има тука наредбодавец, а тоа е министерот, а таму има некој оперативен работник кој сето тоа го спроведувал, со печат и со потпис, но за цела среќа, не знам кој го смислил тоа во СДСМ, додека прислушувал г. Павле Трајанов, како тоа изгледало. Ова го спомнувам, колку да се разбие фамата околу тоа, дека можен сторител

на целата работа е МВР, значи, повторно додека бил г. Павле Трајанов, па таму, човекот се потпишал да биде прислушуван тој и тој, имал тајна шифра, не знам како се нарекуваше. Но, да напоменам, како и некои други пратеници ги немам видено тие материјали, затоа имав прилика да видам од весниците. Железничар" се викал тој оперативен документ, бил прислушуван некој новинар, значи, сето тоа од една страна гледаме како е, а од друга страна, тука што ќе видиме. Повикуван е некој си Митре, била повикувана Трпана и толку. Ниту има кој бил наредбодавец. Или за тоа треба да разбереме како изгледале од една страна документите кога СДСМ прислушува додека е во позиција, а како изгледаат документите кога СДСМ прислушува кога е во опозиција.

Конечно, сосема на крај 6и сакал да додадам на заклучоците, а тоа 6и сакал да биде внесено, дека Парламентот на РМ, односно Собранието на РМ го задолжува Министерството за внатрешни работи за набавување на најсофистицирана опрема за спречување на вакви натамошни разузнавачки дејствија на странски служби. Притоа, 6и сакал да дадам безрезервна поддршка на Владата на РМ, за спроведување на најкоренити реформи во безбедносниот систем и во разузнавачките системи кои се во Република Македонија и притоа 6и потенцирал, иако тоа е истакнато од министрите кои се задолжени за тоа, 6и потенцирал дека би било најубаво, сето тоа кога би било направено по западно-европски терк, кој што имаат многу поголема традиција околу формирање на такви служби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г. Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер за внатрешни работи, почитувани дами и господа колеги пратеници.

Јас очекував дека на оваа седница ќе се води една поконструктивна расправа. Тоа го очекував пред се, од пратениците, од опозицијата, бидејќи поминаа повеќе од 10 дена, од почетокот на случајот прислушување. Време за кое тие не доаѓаа на седници и можеа добро да се припремат, а особено колегите од СДСМ, бидејќи токму тие, кој знае од кога ги имаа материјалите. Тие направија голема врева, ,многу најавуваа, а посочија дури и виновници. Едноставно сум изненаден од сегашните дискусии на колегите од СДСМ, кои веројатно, самите уверени од вревата која ја кренаа неоправдано, во своите дискусии најмалку зборуваа за темата на дневниот ред. Па ниту слушнавме за некој нов аргумент, факт или доказ, ниту се кажа нешто што досега не го знаевме. Сега како и на почетокот не знаеме ништо повеќе освен фактот дека имало прислушување. Сето друго се сведува од страна на хипотези, шпекулации и обични претпоставки. Веднаш по излегување на аферата, токму оние што беа најмногу напаѓани од страна на СДСМ, министерката Димовска и премиерот Георгиевски, направија се, за да се расветли случајот. Опозицијата цело време дигаше врева дека власта ја кочи истрагата, меѓутоа, ќе потсетам дека комисијата работата ја заврши за 20 дена. Во времето на СДСМ, тоа се правеше за 450. Ова што го кажав се факти и јавноста сама ќе пресуди како кој работи.

Сега пред нас ги имаме и заклучоците и извештајот од Комисијата. Од нив се гледа дека имало прислушување, но не се знае кој го нарачал и кој кога, каде, или со каква опрема го вршел тоа прислушување. Дека МВР располага со таква опрема, но се уште немаме сознание дали во Македонија постои друг или паралелен систем за прислушување, што воопшто е значи дека таков систем навистина не постои, па се до можноста, дека прислушувањето е направено од страна на други држави. Не се знае ни кој е корисник на тие информации, освен што е факт дека досега корисник е само г. Бранко Црвенковски. Не ни е познато кога тој ги добил, или добивал тие информации. Можам само да претпоставам колку такви тајни информации тој поседувал, и се уште поседува, што е само по себе кривично дело и на кој се начин тој можел да ги злоупотребува. За една злоупотреба веќе сите знаеме, а тоа е нивното објавување во јавноста. Дури, не можам да сфатам зошто еден толку искусен политичар, лидер на една политичка партија, на најголемата опозициона партија, самиот се инволвира во оваа работа. Така на прес конференција им ги предаде записите од телефонските разговори, како доказ на новинарите, а без претходна согласност на прислушуваните. Покрај тоа кажа, да не речам излажа дека го знае изворот и дека поседува уште 10 пати повеќе материјал,

при што се разбира, без никаков доказ ги обвини МВР и министерката за внатрешни работи и премиерот. Но по тоа, нивен човек ја водеше собраниската комисија и имаше секаква можна помош од владините и државните институции, можеше да ги види сите документи во МВР и што се констатира? Дека нема никаков доказ, дека министерката за внатрешни работи Доста Димовска, целото министерство кое го води, или било кој државен орган е инволвиран во прислушувањето.

Би сакал да прочитам дел од информацијата од Комисијата на страница 7 согласно член 3 од Упатството на МВР од септември 1998 година, за постапката и начинот за примена на Оперативно-технички средства и мерки, постапката започнува со писмен предлог оперативниот работник, на кој согласност дава началникот на соодветната организациона единица, а во определени случаи началникот за управата на оперативна техника, кој предлог се доставува до директорот на ДБК, односно министерот за внатрешни работи. Тоа значи дека без да се запази целата таа процедура во ДБК не може ниедно Оперативно-технички мерка да се примени, без разлика дали е прислушување, или е тајно следење".

Но тоа сега се заборава и се оди по старо. Се тргнува во вербален напад, иако се нема аргументи. Се глуми загриженост за демократијата во земјата, а всушност, очигледно е дека се обидуваат да ја замаат јавноста. Не можам ова да го толкувам на друг начин, освен дека едноставно СДСМ не се помирува со неуспехот од есенското сценарио да ја превеземе власта. Се прашувам, дали овој е еден од тие обиди, едно од тие сценарија. Ако е, би ги замолил да престанат, не поради ВМРО-ДПМНЕ не поради Владата, туку да престанат со тие планови, барем поради граѓаните, кои ги тормозат и непотребно ги вознемируваат. Ако веќе одлучиле за зборуваат, тогаш треба да прозборат и за тоа како поранешното министер за внатрешни работи Чокревски ја следеше деноноќно мојата партија. Сето тоа е документирано во МВР. Ако се за демократија, дали се подготвени да разговараат за тоа.

Почитувани колеги од СДСМ, барате одговорност од лица, за кои немате никакви докази дека направиле незаконски дела, а самите шест години ги прекршувавте законите, за што има и пишани документи и никому ништо, а не ни помислувате за политичка, или друга одговорност. За разлика 5 од вас, министерката Димовска барем покажа дека знае што е моралот,па поднесе оставка и со тоа ви одржа еден вид лекција за политичка етика. Највероjатно, нејзиното одговорно работење е и една од причините за диригираната канонада врз неа. Веројатно старите структури во МВР се исплашија дека ќе бидат разоткриени и неутрализирани. Се исплаши и СДСМ дека ќе нема преку кого да провари ни системот, додека не се на власт. Во прашање е сериозен проблем бидејќи постои опасност некој од страна политички да ги манипулира безбедносните структури за свои цели. Тоа е опасно за една млада држава и мора решително да му се застане на патот. Такво нешто може да направи само личност, која досега не се согласувала со тоа. Затоа, јас потполно го оправдувам неприфаќањето на оставката на министерката Доста Димовска. Таа имаше храброст да се соочи со овие структури, со овие стари комунистички структури и таа треба да расчисти со нив. Токму нејзиното искуство може многу да помогне во тоа.

На крајот уште еднаш би ги замолил колегите од СДСМ да престанат со хајките со кои нема да родат никаков плод. Ако веќе зборуваат за кршење на Устав и закони, нека почнат од времето кога тоа тие го правеа секојдневно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г-ѓицата пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Проблемот е во тоа што цело време би требало практиката да се применува да се пребројуваме во салата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колешка Божиновска, дали вие се јавувате за дискусија?

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Според практиката што треба да се прави, ве молам, да се преброиме дали имаме кворум, бидејќи расправата е важна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека во врска со кворумот е во ред.

Има збор г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Во текот на дискусијата, во еден период од страна на позицијата беа присутни, барем колку што ги избројав околу 22 пратеника.

Мислам дека тие се приближуваат кон она што го кажа премиерот и нивниот претседател дека се приближуваме кон англискиот тип на работа на Парламентот, што некогаш може да се работи и со 18 пратеници па сега кога доаѓаат и пратеници и од опозицијата, се повикуваат на некое пребројување и слично.

И благодарам на колешката Божиновска и г. потпретседател раководи со седницата и мислам дека е во ред. Понатаму, ќе продолжиме и можеме да работиме како англискиот Парламент. Тоа се виде и од дискусиите и од претходниот дискутант кој рече, односно не повика нас пратениците од опозицијата да не клеветиме и да не изнесуваме одредени лаги и недоследности.

Почитувани пратеници, јас прво сметам дека оваа седница е редовна седница и не е никаква итна седница, па дури и поредовна од сите други седници, што се закажувале во овој Парламент.

Јас жалам што претседателот не е тука, но не се однесува моето укажување на деловничкиот дел и на неговата одговорност. Тој рече дека ја закажал седницата на која ќе се расправа по барањето на ВМРО-ВМРО и неговата одговорорност. Оваа седница е редовна од два многу битни елементи за секоја итна седница. Тоа е времето на закажување, за секоја итна седница и утврдување на итноста пред самата расправа. Во дадениот случај не е утврден ни едниот, ни другиот услов.

Бидејќи тоа е битно, јас ќе се осврнам во натамошниот тек на мојата расправа, а сега би сакал да укажам на тоа, бидејќи прашањето беше покренато од поголем дел на пратеници во делот на процедуралната расправа. Тоа е прво.

Второ, денеска на дневен ред имаме пред овој Парламент една политичка тема: Прислушување на јавни личности, новинари, политичари и слично, од страна на државните органи". Овој Парламент расправа по таа тема. Тоа е точно и дефакто и дејуре. Дејуре е точно, затоа што при пратенички групи побараа таква информација. Таа информација е утврдена на дневен ред, за самиот наслов прислушување од страна на државните органи. А дефакто, врз основа на изнесените укажувања на моите претходни колеги и за она се што се случува во претходните денови и овие денови што се случува, особено спрема она што се нарекува реформа во јавната администрација и политичка чистка на вработените во МВР.

Интересни се во тој дел и последните тези кои ги изнесуваат одредени блиски или политички аналитичари, од страна на позицијата. Најновото изнесување е тоа што, лицата, или таканаречените 'кртови" што ги доставувале овие материјали, тие кога добивале наредба не требале да ја извршуваат, бидејќи прислушувањето во РМ било кривично дело. Тоа е најновиот,најновиот бисер во денешниот преглед на печатот што го гледаме одредени политички аналитичари.

Тоа се две битни работи во делот на процедурата и во делот на тоа што е предмет на дневниот ред и затоа би сакал да истакнам дека одредени пратеници од позицијата, кога бараа да се промени насловот на точката од дневниот ред, тие беа сосема во право. Тие бараа да не се констатира дефакто, дека се прислушува од страна на државните органи, а и Парламентот, односно мнозинството тоа го потврди и така би требало да се води расправата, односно товарот на докажувањето и од парламентарците треба да биде насочен во таа работа. Да се утврдуваат политичката одговорност, бидејќи прислушувањето од страна на државните органи е утврдено.

Затоа, главна и основна обврска на нас пратениците е врз основа на факти јасна и конкретна расправа, а не како што беше истакнато дека со викање, или во однос на некои "глетки"кои се плачат, во однос на одредени пратенички, кои биле навредени како жени во своите искажувања, да ја утврдиме одговорноста за прислушувањето.

Македонскиот народ, како секој друг народ мислам во одредени моменти, сака да верува во одредени лаги и празна реторика. Тој во својата желба за подобар живот и поголем просперитет, поверува во тоа на изборите во 1998 година. Но што се случи после тие лаги, или празна реторика. Од голем број колеги беше истакнато за периодот од овие две години што се случуваше во Република Македонија, почнувајќи пред се, на економски план, на политички план и слично, во другите делови на општествениот живот.

Владеењето, во 1998 година почна со познатиот закон за амнестија на политичките затвореници, продолжи во тој дел со Арачиново, со Кондово, со Куманово, со Тетово и на крајот со Танушевци. Јас не би се осврнувал на тој дел да ги анализирам, бидејќи беше доста укажувано, а укажувано беше и од одредени колеги пратеници, пред се, за изборите, од пратениците Тито Петковски и Насер Зибери, за се она што се случуваше на локалните избори, а бевме сведоци и за тоа што се случуваше на претседателските избори, за кражбата на легитимациите, а за тоа не се поведе никаква постапка. Би сакал да укажам на некои нови тенденции што се случуваат во РМ, а пред се, тоа е во делот на она за што сите бевме сведоци овие денови, во делот на реформите во јавната администрација, за што доста укажувавме, доста се договаравме, а особено, во образованието.

Почитувани пратеници од позицијата,

Вие бевте кои не убедувавте дека Законот за високо образование, особено фондот за високо образование е еден висок дострел на демократските процеси и на автономија на Универзитетот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(продолжение)

Сега сте вие, односно Владата, или министерот кои ни укажуваат дека тие решенија не се во согласност со Уставот и не се во согласност со демократските процеси во високото образование. Исто така, вие предлагате закон во овој Парламент за целосно деградираше на Законот за високо образование. Во тој дел сведоци сме на целосно деградирање на стратегијата за реформа во јавната администрација. Огромен број на вработени во образованието кои немаат третман на државни службеници беа отпуштени со еден указ на министерот кој добро е да го кажеме што во последен момент го повлече. Укажувавме дека реформите не можат да се спроведуваат така реформите треба да одат постепено. Сме во постапка на донесување на законот за јавни установи, сме во постапка на комерцијализација и приватизација без никаков осет за сите тие вработени, на луѓето им беа доставени решенија без да им се понуди нивно социјално обезбедување. Еден друг многу индикативен однос во однос на случувањето во овој дел е тоа што парламентарното мнозинство према својата Влада што врши целосен упад во уставните решенија во локалната самоуправа. Ги нарушува целосно уставните права на единиците на локалната самоуправа со Устав загарантирано и автономни , изворни права на единиците на локалната самоуправа. Замислите, кога во 1ее8 год, победи ВМРО-ДПМНЕ, заедно со своите коалициони партнери СДСМ да кажеше дека Министерството за финансии и Министерството за одбрана и одредени министерства не му ги даваат при конституирањето. Тоа исто се случува во Битола и во Македонски Брод. Изворна надлежност на единиците на локалната самоуправа се грижат за непосредните потреби на граѓаните, водоснабдување, комунална хигиена и сл. Во Битола и во Македонски Брод на локалната самоуправа после победата не му се даваат тие основни надлежности, се оставаат да раководат бившите директори врз основа на одредени правни и судски, не би рекол заврзлами, бидејќи не би требало , врз основа на одредени оспорувања и оневозможувања. Што ќе работи локалната самоуправа? Замислете во еден град и тоа е исто како Владата да нема министерства. Која е целта? Целта е да им се покаже на граѓаните на овие градови дека новата власт на СДСМ не е способна да ги задоволува нивните основни потреби. Исто така во тој дел на локалната самоуправа сметам дека Владата донесе одредена одлука со која им забрани на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија врз основа на указ да не можат да вработуваат ниеден свој работник за извршување на своите дејности. Има надлежност Владата да ја ограничи јавната потрошувачка, но нема право да се меша во изворната надлежност на единиците на локалната самоуправа. До колку тие оценат дека имаат потреба , до колку имаат финансиски средства, тие можат да ги вработуваат во оној број и обем колку што располагаат. Денеска единиците на локалната самоуправа треба да се обратат до канцеларијата на премиерот на РМ, да добијат потпис од таму за да се изврши одредено вработување и во единиците на локална самоуправа, или во јавните претпријатија. Голем број пратеници ќе речете дека само го кажуваме она што не е во ред во однос на политичко-безбедносната, во однос на сиромаштијата што е најголем проблем во РМ и на оваа Влада. За тоа не би сакал да зборувам. Сигурно за тоа ќе имаме посебна седница за сиромаштијата, за бројот на сиромашните, оние кои немаат егзистенција. Би сакал да укажам дека и она што е добро сигурно СДСМ и пратеничката група треба целосно да се поддржат. Јас би сакал да истакнам

барем од мое име дека завршните документи на последниот Самит  треба целосно да се подржат, особено меѓу државниот договор за разграничување на границите. И што е тука проблемот? Тука е проблемот што сите тие лидери од Балканот кога доаѓаа со себе носеа огромна опрема за антиприслушкување. Тоа е оној имиџ на РМ , за она што ние сега расправаме за сликата на РМ и во Балканот. Тие со своите служби, со своите обезбедувања сигурно ја бараа најсофистицираната опрема за да се заштитат од она што ќе го кажат, бидејќи во РМ се прислушува се и секој. Што значи ние имаме една целосна недоверба на граѓаните во институциите во системот и би сакал да кажам дека имаме една целосна ерозија на самите институции во РМ, тоа е она битното и најважното. Па сега некој ќе рече, па како беше за време на владеењето и тоа е оној основен тренд кој се застапува од пратениците на позицијата, како беше во времето на СДСМ. Јас би сакал  да укажам дека недовербата во институциите на државата беше основниот проблем и во претходниот систем, во системот пред воведување на плурализмот во РМ , тоа беше основниот недостаток што луѓето не веруваа ниту во Владата, ниту во Собранието ниту во телевизијата. После воведување на плурализмот, донесување на Уставот сметам дека во РМ почнавме да ги градиме институциите, почна да се верува со одредени недоследности, грешки, сигурно и пропусти, но почна да се надградува демократијата во РМ и вербата во институциите. Тоа сакале, или не, вие да признаете тоа е постигнато со парламентарните избори во 1998 година. Тие беа демократски, фер од сите меѓународни фактори од самите политички партии и од самите вас и мирното предавање на власта од страна на дотогашните коалициони партнери на сегашниот коалиционен партнер. Во тој доел сигурно и најважно за нашава расправа се прислушувањето за кое зборуваат и одредени претходни пратеници колеги и се кажува дека имало илјадници страници за прислушување од страна  на  Владата на СДСМ , на штабовите, на видните личности, на ВМРО-ДПМНЕ и на тогашните носители, односно на опозицијата. Би сакал да укажам и тука пред Парламентот треба да е јасно, точно е дека во РМ некаде до 1994, до 1995 година, беше дозволено прислушувањето, беше дозволено со Законот за внатрешни работи, иако со Уставот беше инкриминирано, не се дозволуваше прислушување на телефоните, а додека отворање и повреда на тајноста на писмата се дозволуваше врз основа на судски налог. Во тој период до донесување на законот постоеше одредена регулатива за која зборуваше и еден претходен колега, тоа е кој дал наредба , на кого дал наредба и целосната евидентна книга. После укинување на одредбата и на тие правилници сметам дека исто така се продолжи да се прислушува во делот на тоа што значеше безбедноста, суверенитет, интегритетот на РМ и тоа е она досие кое беше овде истакнато што се продолжи во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, во времето на министерот Павле Трајанов , или така наречен досие"железничар"во кое во презентираните докази беше ставено дека целосно, точно врз основа на одредени уредби е заведено во евидентните книги. Што се случува во  дадениот случај? Во дадениот случај нема ниту наредба, ниту кој прислушувал , ниту кој дал наредба. Тоа е разликата. Дури замислете дали може во делот кој тврди ВМРО-ДПМНЕ дека не прислушува, ни кога се загрозени безбедноста и не давал наредби. Тоа е доказот кој Комисијата во својот Извештај го презентира т.н. досие"железничар". И што е она најбитното и основното се и целокупната состојба на нефункционирање на институциите во РМ , Владата го префрлува на старите структури, тоа може да се слушне од излагањето речиси од секој пратеник од позицијата, на КОС, на шпиони, предавници. Мислам дека во овој Парламент и во РМ треба да се стави крај на ваквите обвинувања и Владата треба да се соочи со реалноста и вистината. Дека Владата на РМ не ужива углед меѓу народот, а додека угледот на премиерот и неговите најблиски соработници е на најниско можно ниво, а особено треба да констатираме дека по најважните прашања во РМ како што е редот почитување на Законот, економскиот просперитет, оваа Влада и ова парламентарно мнозинство не е усогласен со народот, односно не се усогласени со луѓето во  РМ . Дури јасно и конкретно да се утврди дека нешто сериозно е тргнато наопаку во однос од програмите меѓу владеењето и она што е програмирано. Тргнато е наопаку и сите би рекол темелни вредности кои беа зацртани, зацртани се во Уставот на РМ , би употребил еден израз, се поместени од гонија. Тука е проблемот што сите темелни вредности се поместени од гонија. Што се случило треба да се бара во самата коалиција, во самите владејачки партии а не да ги бараат кај другите,особено можеби треба да ги побарате и во советниците кои ја советуваат особено оваа Влада. Во ваквиот случај што

може да направи е прашањето , опозицијата, што можат да направат медиумите и граѓаните ? Тие се должни, често ние како опозиција и по одредени законски проекти и во дадениот случај за прислушувањето да укажуваме на нефункционирањето и рушењето на институциите на системот со цел да не бидеме учесници во не согледавте последици кои се закануваа на РМ. Но, во никој случај не можеме како опозиција, како медиуми, мислам да се менуваат односите ако нема желба ако нема енергија кај оние кои се носители на власта.

Јас сега би се вратил малку на она што е основното на расправата на оваа седница, а тоа е да се вратиме на прислушувањето. Од сите мислам дека и кај опозицијата и кај позицијата правнички изразено ноторен факт е дека прислушувањето било масовно, прислушуван е секој граѓанин, политичар, новинар. Би се изразил, на кој ќе му паднело на памет на тој што прислушувал кога ќе станел насабајле, дали бил наспан не бил наспан, сонувал нешто , тоа што му било дента ќе го прислушувал него. Тоа е точно и тоа е утврдено, тоа е ноторен факт. Ноторен факт е дека одговорноста за ваквото прислушување е во Владата и првите луѓе во неа. Без разлика на нивното тврдење дека тие не прислушувале, а особено е тука и она искажаното кое беше коментирано од страна на оставката на министерката. Г-да пратеници објективната одговорност дали прислушувале или не прислушувале, а бидејќи е ноторен факт се прислушувало без усул и мерка, ја носи Владата. Тука нема никаква дилема и мислам дека и кај пратениците нема дилема, тоа е истакнато. Парламентот не треба да утврдува кој прислушувал , дали министерот, дали началникот на Управата за безбедност и контраразузнавање, и што беше изнесено од други, тоа не е работа на Парламентот. Парламентот треба да ја утврди политичката одговорност и тука е она што претходно укажав на поместената улога на Парламентот. Многу е битно во такви случаи за да се утврди политичката одговорност Парламентот да реагира на време и да реагира на итна седница. Зошто е битна итната седница. Итната седница е битна затоа што како што истакна еден практичар во правото, за да не се сокријат трагите, но овие траги ен се сокриваат. Колку да има снег, колку луѓето на чевлите на тие што прислушувале во дадениот случај ќе остане кал. Не може да не се открие. Но, нашата задача да не го воведеме и најбитно е да не го воведеме Парламентот во истражен орган, орган кој утврдува и изрекува кривични мерки и одговорности. А на почетокот кога бараше СДСМ и другите партии да се расправа на итна седница, тоа беше со обидот , со писмото на претседателот Стојан Андов кој го испрати до јавниот обвинител. Во тој период Парламентот можеше да ја изгуби својата основна функција и да се претвори во истражен орган. Претседателот на Парламентот нема право да оценува дали одредено прашање е од итен карактер, или не е од итен карактер. Тоа право го има Парламентот. Претседателот на Парламентот нема право да задолжува работни тела, нема право да задолжува работни тела, тоа право го има Парламентот. Затоа, се свикува итна седница, се утврдува итноста, до колку се утврди итноста понатаму ако има потреба се задолжуваат работните тела. Тоа е она во Деловникот на РМ и тоа е битното за овој Парламент.

Би сакал да кажам еден пример, некаде во 1992 год, 1993 год, кога потпретседател на Владата на РМ беше г-динот Блаже Ристески, тој како потпретседател упати едно писмо до судските органи.

Знаевме, тогаш целокупната демократска јавност во РМ се дигна дека се меша извршната власт во судската власт. Тогаш степенот на демократија сигурно кога ја градевме беше повисок од денеска кога секој си зема за право и претседателот на Собранието си зема за право оној доказен материјал кој ние како пратеници од СДСМ го потпишавме со материјал, тој да утврдува дали тоа било службена тајна, дали било државна тајна и сл. да не му го доставува на Парламентот. Како ќе одеше расправата до колку ние расправавме пред 40 дена, ќе ги истакневме своите гледишта, ќе ги заземевме своите сознанија, ќе ги сослушавме премиерот и министерот и тоа е оној дел до колку не утврдевме политичка одговорност, а сигурно ќе утврдевме, ќе се формираше познатиот начин на анкетна комисија • Фактички претседателот и целокупната македонска јавност ја држи 40-50 дена за да работи Комисијата за надзор над работата на ДБК, односно надзор на Агенцијата за безбедност, Агенцијата за контраразузнавање и Дирекцијата за безбедност и контраразознавање. Но, што останува сега на Парламентот по оваа расправа и расправата во која ќе учествуваат уште 30, или 40 пратеници. Основно и битно е да укажеме дека со прислушувањето се погазени основните

човекови права и слободи на граѓаните гарантирани со Уставот. Тука нема дилема. Исто така во тој дел направен е упад во т.н. света сфера на приватноста. Овде еден пратеник кажа, се можеше да се прислушува и приватниот живот стана отворен на секој кој сакал да присуслушкува. Исто така, во тој дел целосно се повредени определбите на слободата на говорот и мислата.

Ние треба исто така во заклучоците со кои сигурно сигурно ќе се утврди политичка одговорност треба да дадеме целосна поддршка на правните институции во една законска процедура точно и целосно да ја утврдат кривичната одговорност по чиј налог и организација е направено прислушувањето, кој го спровел и со каква цел. Тоа е основното но не треба да се мешаме во делот на судската власт. Исто така, ова е потребно за да се укаже дека не може да се владее со недемократски средства, тоа е основното и методи, а особено во враќање на вербата за она што зборував на граѓаните во РМ, во институциите и правната држава. За тоа зборуваше и колегата Стојан Ковачевски кој ни укажа на почитуваниот академик кој нас ни се обраќа. Тоа е она битното, вербата во институциите , во правната држава, вербата во Владата. Вербата во овој Парламент понатаму, сметам дека другите проблеми кои ги имаме полесно ќе се решаваат. Но во оваа сфера сметам дека и после 4 0 дена не е многу направено од страна на институциите на судската власт. Многу малку е направено во она што беше укажувано. На секој граѓанин и кој не е правник јасно му е дека до колку од 170-те прислушувани граѓани, 10 одбрани примероци рекле дека е точно во прислушувањето , нема потреба со денови и денови. Не е мешање во судската власт. Тоа е во оној дел кој не сака да се преземат конкретните мерки од страна на судската власт, а тоа е најбитниот дел за работите да се добие во време, работите да застанат, работите да се покријат со одредени други, не би рекол намерно преземени, или предизвикани афери , или дејствија во делот. Не се работи за одредени други политички теми кои се расправале во овој Парламент, кои времето ќе ги покрие, не може да го покрие овој дел на прислушувањето. Затоа одговорноста на позицијата и на пратениците во овој Парламент е огромна и не треба да се продолжи со релативизирање на проблемите, со замена на тезите и на темите. На пример често овде се споменува Бранко Црвенковски кој ја објави аферата, тој е што треба да го докаже товарот на докажување тој треба да го каже сведокот. Г-до, ова се кривични дела кои се гонат по службена должност. Секој оној, што значи секој оној, ако види некој како убил и пријави, тој не треба да докажува. Тоа е јасно. Тука е јавниот обвинител, тука е МВР и во тој дел нема никаква дилема.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:

(Продолжение)

Постојат одредени укажувања во делот на објавувањето и за него неупатени одредени сознанија во делот, тој дел се гони по приватна тужба. Ова се гони по службена должност. И, ниту еден граѓанин во Република Македонија не може и не смее, не смееме да бараме и вие како пратеници од граѓаните на Република Македонија, кога ќе пријават кое било кривично дело тие да ги доставаат доказите и тие да изведуваат цела постапка. Ова се гони по службена должност. Затоа ние плаќаме, имаме обвинителства, имаме истражни органи, пред-истражни постапки и целосни судски постапки.

Политичката штета во Република Македонија, ќе се согласиме сите, направена е огромна како на домашен, така и на меѓународен план. Тука нема никаква дилема. Политичката одговорност на Владата на Република Македонија е многу јасна и беа укажани правците, согласно заклучоците и политичката одговорност во кој дел и во кои правци би требало да се движи политичката одговорност. Политичката одговорност треба да оди кон Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија треба да си понуди оставка, како би можела понатаму Република Македонија да се развива како демократска држава. Дали понудените варијанти парламентарното мнозинство со своите коалициони партнери може да состави нова влада или не може, сигурно тоа е прашање на коалиционите партнери. А, најдобро би било да се формира влада, како што беше тука истакнато, техничка влада, експертска влада и Република Македонија да се подготви за она што е најбитно, суверенитетот произлегува од граѓаните и припаѓа на граѓаните. Граѓаните му ја предаваат власта на оние кои ќе победат на парламентарните избори и да се подготвува предвремени избори во Република Македонија.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас ви благодарам господине Гештаковски.

Има направено една молба помеѓу Александар Флоровски, Александар Талевски да се заменат.

Дали ова право сега господинот Талевски ќе го користи?

(Да) Повелете.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници, Со оглед на неколкудневната расправа во врска со аферата ба прислушување,јас би сакал да додадам некои свои видувања за целата таа работа.

Тоа што мене најмногу ме мачи во суштина е настапот на еден од повидните членови на СДСМ, каде што без ронка одговорност тврди дека прислушувањето и целата афера е продуцирана во МВР. Имено, сите оние кои го делат тоа мислење би ги повикал уште еднаш да ја прочитаме изјавата на претседателот на Владата на Република Македонија што ја издаде веднаш другиот ден по обелоденувањето на аферата. Ќе парафразирам дека со таа изјава пред јавноста, претседателот на Владата рече дека Владата на Република Македонија е подготвена на секаква соработка со цел за расчистување на случајот. Во таа смисла имаме повеќе примери. Имено, претседателот на Владата потенцираше дека има подготвеност, дека сме подготвени да ги дадеме сите оние отворени врати што се бараат од нас. Побара и кажа дека сме подготвени да учествуваме во секаков вид на вештачење, па дури и она фамозно вештачење на фонтот на буквите од печатачот во Агенцијата за разознавање, на секаков тип на хартија, компјутерски чукања, хемиски, физики и сето она што ја интересира опозицијата за да изнајдеме потврда на една таква аргументација. Дури, ако се сеќавате, премиерот рече дека нема ништо против и странски експерти да дојдат и да учествуваат во конечно расчистување на овој случај кој, тогаш и денеска мислам дека мора да се расчисти. Едноставно, оваа изјава на премиерот остана на оваа изјава на премиерот. Моите колеги од СДС како главни носители на аферата прислушување останаа глуви.

Сега се поставува прашањето зошто тие на една вака експлицитно пружена рака за соработка, за изнаоѓање на сторителите на целата оваа работа, луѓето од СДСМ одбиваат?

Кога ќе се разгледа целата ситуација, можеме да извлечеме неколку главни факти:

Во Република Македонија постои систем што служи за прислушување на граѓаните и масовно се користи за следење и дејствување на политичарите и новинарите.

Пошто така, факт е дека системот е наследен од претходната власт, има континуитет со систем за следење на јавни личности, воспоставен во времето на СДС и, за волја на вистината, треба да кажеме дека тој систем датира уште од социјалистичкиот режим во кој што живеевме.

Што така, актуелната власт има, сосема добро знаела дека таков систем постои, но до сега не презела сериозни чекори и мерки за неговиот демонтирање, со што Република Македонија е ставена во редот на можеби единствена посткомунистичка земја во која што се уште функционира стариот систем на структурите за безбедност.

Раководниот дел на старите структури е непосредно поврзан со партиите што претходно беше на власт, затоа што сето тоа беше имплементирано и градено со години мошне внимателно. Тоа го правеше претходната власт и со тоа и се овозможува на оваа партија практично неограничен пристап до информациите од таен карактер, со што Република Македонија стекнува единствена земја во Европа во која не постои контрола на безбедносните структури од страна на легално избраната власт.

За ова можете да најдете поткрепа во секојдневието, во мошне честите написи на одредени медиуми каде што оној кој знае да чита ќе види дека изобилуваат со разознавачки информации или полутајни или малку повеќе тајни информации.

Исто така, опозиционата партија, СДС на Република Македонија не покренува постапка за преземање на одговорност при добивање на првото сознание за незаконската активност, туку собира масовни податоци, односно самоволно го кочи процесот на откривање ан сторителите на незаконските дејанија. И овој факт, затоа што сите знаеме дека еден дел од прислушуваните политичари, кои претежно доаѓаат од ДА, кажаа дека за тие документи за тие дејанија знаеле уште во ноември минатата година. Се поставува прашањето зошто тогаш не е реагирано, туку е баран

одреден политички момент за да се пласира аферата.

Оваа ситуација не исправа пред еден предизвик да го решиме конечно проблемот што со децении ги мачи македонските граѓани, проблемот на УДБА што претставува ноќна мора за сите македонски патриоти . Како таа делуваше многу убаво, односно најубаво знаат луѓето кои беа поврзани со идејата на ВМРО. Јасно е дека во оваа ситуација некој мора да поднесе тешка одговорност и, јас ќе бидат еден од тие што ќе гледам да истраам до крај, тоа да се заврши.

Некаде мора да се пресече, но дали тоа треба да биде МВР и госпоѓицата Димовска која и самата, добро знаете почитувани колеги, дека подолго време беше предмет на следење на тајните служби, што без срам го призна и поранешниот министер госопдинот Чокревски и господинот Фрчковски. Доколку се случи тоа во Република Македонија ќе се засилат старите структури и ќе се покаже дека секој кој ќе се осмели да прави реформа во полицијата мора да настрада. А, министерот Димовска за прв пат започна такви промени и се вложи со огромен напор за нивно спроведување. Во некои други земји каде граѓанската контрола над безбедносните системи на државата функционира безпрекорно, вината сигурно ќе беше во министерот, поради тоа што тој ги има вистинските палки за водење на системот. За жал, мене ми е многу мака што јас морам тоа да го кажам Македонија не е таква земја и министерот за полиција, кој сега за прв пат во историјата на Република Македонија не произлегува од старите структури на полицијата или номенклатурата на полицијата е единствениот човек кој направил нешто на планот на трансформација дна овие стари структури. Тоа може да го направи затоа што не произлегува од нив. Затоа што таа, како жртва на тие структури знае што треба да направи.

Веќе реков дека некои од поранешните министри без срам кажуваат дека наредувале прислушување на македонските патриоти заради тоа што тоа го сметале како дејност во интерес на туѓа држава, најверојатно сметајќи на бивша Југославија. Министерот што беше непосредно пред госпоѓата Димовска, сега најостро ја напаѓа...

(Дофрлање од место)

Ве молам, бидете трпеливи.

Значи, министерот што сега најостро напаѓа всушност е кадарот кој беше на одговорни опозиции во времето со кое што се поврзува скандалот и во многу случаи поставениот од него. А, тој и самиот, во свое време не направи практично ништо на планот на демонтирање на неконтролираните од цивилната власт или од Собранието, делови на безбедносниот систем. Сега, се поставува прашањето што ако падне госпоѓата Димовска? Дали повеќе нема да има прислушување?

Видете, сигурно нема да биде така. Господинот Црвенковски, со неговите послушни сили, распоредени во сите структури на државата, тогаш ќе почне да применува најнедемократски средства, многу полоши од оние кои ги применуваа во времето кога беа на власт. Со тоа, најпосле ќе ја оствари својата поставена цел со недемократски средства да ја собори, ќе се согласите тука, легалната и демократски избраната власт. После низа неуспеси да го направи тоа. Знаеме како поминаа сите обиди да се направи тоа.

Старите структури на тајната полиција не само што нема да бидат демонтирани во тој случај, како што беше направено во сите постсоцијалистички земји, туку ќе добијат и поголема сила, поради своите заслуги што се очигледни за соборување, за соборување на прв пат етаблирананата демократска власт што не е наследник на комунистичката номенклатура. Ова го потенцирам со посебна гордост.

Со тоа, Република Македонија дефинитивно ќе остане единствената земја во која што старите безбедносни структури целосно ќе се рехабилитираат и ќе остане трајна потпора на една недемократска власт што ќе се воспостави. Таа власт би се воспоставила потпомогната од неговите природни сојузници и предавниците од редот на ВМРО-ДПМНЕ.

Искуствата од земјите каде што премногу брзо беа отстранети структурите на тајната полиција покажуваат дека во тој случај исфрлениот кадар од неа на улица се спојува со носителите на криминалот и се засилуваат криминалните групи во државата. Нашето посебно искуство покажа дека со отстранување на овие структури внатре во државниот апарат тие повторно се врзуваат со криминалот, но овој случај станува покриен со капата на државата и таквите појави иако се малку забележливи на државата и нанесуваат многу поголеми штети отколку што би биле надвор.

Покрај тоа, ако не успееме да ги реформираме овие институции, ние ќе

покажеме дека не сме достојни да бидеме самостојна држава зошто не можеме да ги вршиме основните функции и многу земји ќе речат дека имале право кога тврделе дека не треба да бидеме признаени.

Сите разбираме дека ризикот од вакви зафати во безбедносниот систем се големи. Особено, во ваква констатација на односите во јавноста на Република Македонија. Но, сите мораме да се соочиме со тој ризик и да помогнеме на системот или да помогнеме ан извршната власт да спроведе една ваква сложена активност. Не сакањето да се спроведе една ваква активност за прочистување на безбедносните структури од старите кадри наследени од соцреализмот се гледа од неприфа-ќањето на раката на премиерот што беше подадена да се изнајдат виновниците на оваа афера. Можеме да видиме како некои други земји ги решаваат овие проблеми.

Имено, после падот на Берлинскиот ѕид во Источна Европа, комунистичките разознавачки служби се распаднаа самите од себе како кула од хартија. Мислам дека убаво се сеќаваме на тој период. Тоа беше систем на безбедност кој траеше 45 години и на кој се базираше, кој се базираше на системи дури полошиот систем на нацистите, во кој основен принцип беше тоталитарната шпионажа. За тоталната шпионажа исто така и во самото Собрание имаме доволно стручњаци.

Во тој систем соработниците на разузнавачки служби беа од блиските роднини,пријатели,соседи кои даваа податоци за своите блиски и го докажуваа во пракса системот на Орвел.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**(Продолжение)

За ова, почитувани пратеници, можете да најдете потврда од читањето на одредени политички досиеја на луѓе затворани за идеите на ВМРО. Меѓутоа, таквото антинароден и антидржавен, како и антинационален исто така ова го потенцирам како и антинационален систем на безбедност се сруши затоа што работеше против слободата и правата на сопствениот народ.

Процесот на демократизација нужно подразбира сеопфатна и коренита реформа на безбедносниот систем во државите на псоткомунистичка Европа, со таа разлика дали патот ќе биде револуционерен или еволутивен, дали тие промени ќе ги завршиме брзо или чекор по чекор. Пример за револуционерна промена на безбедносните структури беше примерот во Хрватска, каде безбедносните структури беа заменети со комплетно нов кадар и нов концепт и програма за работа. Имено, не само со промената на безбедносните структури во времето на ХДЗ веднаш по распаѓањето на поранешна Југославија, ако се сеќавате почитувани колеги пратеници, минатата година се случи повторно комплетна реформа на безбедносниот систем кога на власт дојде г-динот Рачан, неговата Влада го задржа само основниот квантум и минимум луѓе кои беа доволни за да функционираат елементарно - (уфрлање од страна на некој пратеник) - видете г-дине Бузлевски, не е поентата дали е социјалдемократ или поранешен комунист, поентата е во начинот на кој што се расчистуваат работите во една тоталитарна безбедносна структура. Јас дискутирам дека после распадот на поранешна Југославија ХДЗ тотално ги промени тие структури, но после промената на власта на ХДЗ кој ги партизираше, повторно новата власт направи нова реорганизација - кои беа доволни за функционирање елементарно на разознавачките служби. Додека сите оние кои беа блиски или поставени од поранешниот режим не само што беа отпуштени од работа, им беа одземени службените легитимации и бенефиции, туку им беше забрането извесно време и воопшто да работат во државната управа на Хрватска. За жал, на демократската јавност во Република Македонија беше и се уште е за жал една од последните држави, дека е една од последните држави на посткомунистичка Европа каде што цели осум години нема апсолутно никаква промена во начинот на функционирањето на безбедносните структура како и во нивната кадровска поставеност, што е особено за потенцирање. Имено, само формално правно беше поделена поранешната Служба за државна безбедност на два сегменти и тоа Дирекцијата за безбедност и контра разузнавање и Агенцијата за разузнавање. Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање која егзистира при МВР и Агенцијата за разузнавање која е под формално-правна надлежност на претседателот на Републиката. Третата служба која по закон и дефиниција треба да е комплетно компатабилна со Агенцијата за разузнавање на Република Македонија, е Службата за воено разознавање при Министерството за одбрана. Во времето на владеењето на СДСМ овие три тајни служби на Република Македонија беа комплетно комплетирани, координирани и би можел да кажам негувани од страна на г-динот Црвенковски. СДСМ посветуваше

максимална грижа за луѓето, средствата и методите за работа на овие три служби. Тоа во практика значеше внимателно и стрпливо воспоставување на мрежа на свои лојални проверени партиски кадри во сите три разузнавачки служби, кои припаѓаа на структурите во МВР, Дирекцијата за безбедност и контраразознавање и Агенцијата за разузнавање на Република Македонија. Оваа практика е општопозната во изучувањето на такви системи и на пример во системот на поранешната Источно-Германска тајна служба, која промовираше по некои проверени индикации и поранешниот претседател на Република Македонија, за што впрочем можеме да прашаме и некои сегашни луѓе што се во опозиција.

Клановските мафијашки структури во МВР - само да се потсетиме дека таму прв началник на фамозната и одметната Петта управа на тогашната Служба за државна безбедност беше г-динот Апостолски Мите, оние што ја знаат оваа работа знаат што е и како е - а сега Управа за оперативна техника при МВР. Овој тренд на контаминација и контрола на тајните служби од страна на СДСМ беше максимално зајакнат во времето на г-динот тогаш е потсекретар на МВР задолжен за Државна безбедност, добро познатиот Слободан Богоевски, инаку, во моментот едно од најпопуларните ТВ лица во 2001 година. Оваа структура воспоставена од Слободан Богоевски и Мите Апостолски се надоврзува со помошта на извадените од нафталин пензионирани југословенски разузнавачи и тие се добро познати на оние што ја работат таа работа, мислам дека г-динот Стојановски добро ги знае, но за оние што не ги знаат ќе ги кажеме така добро познатиот на пример Добри Величковски, викан Добри циганот и т.н.

Оваа мрежа на безбедносен систем на Република Македонија комплетно се завршува 1994 година кога се добива и вториот мандат за владеење на СДСМ, со што се дава доволно време истите да се докопираат за да може работата што подробно да ја завршат. Имено, во времето на недостижниот министер кој трчаше по норма за организирање и координирање на организираниот криминал и шверц во Република Македонија, г-динот Фрчковски, како и професорот по Марксистичка социологија г-динот Чокревски, оваа партиско разузнавачка инсталација на СДСМ ги доживеа своите ѕвездени мигови. Големите демократи и борци за човекови права, бидејќи доаѓа од Форумот за човекови права, а чудно, истите беа потписници за следење на одредени политички дејци во Република Македонија, г-динот Чокревски и Фрчковски, беа фактички пионери во претворањето на МВР, Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во партиска база за СДСМ, единствена задача и цел беше зачувувањето и одржувањето на тогашниот режим. Штитењето на криминалните босови кои што ги имаше и во СДСМ и во слободно време тие шпекулативни информации што ги поседуваа ги користеа за одредени други деанија. Затоа, во нивно време, ако се сеќавате почитувани пратеници, Република Македонија се претвори во држава со висок ризик и со крајно криминално и корумпирано стопанство. Слепите извршители на тогашната апартија на власт во тајните служби олицетворени во еден Сиљан Аврамовски, Михајло Костуранов, Живко Ѓеоргиевски, Јане Угриновски, Владимир Трпеновски, Зоран Верушевски и да не редам понатаму, беа одржувачи на овој начин и концепт на работа на тајните служби во периодот 1991 - 1998 година, со особен акцент 1994 - 1998 година. Така СДСМ преку овие посебно негувани служби го одржуваше својот режим. Меѓутоа, така поставените кадровски програмски систем на функционирање на трите тајни служби во Република Македонија, за големо чудо и голема жал на обичните македонски граѓани, продолжија да егзистираат и во времето на промената на власта од крајот на 1998 година, односно во времето на министерувањето на г-динот Трајанов со МВР и заедно со директорите на ДБК, г-динот Доневски и Бојановски. Затскривајќи се зад плаштот на професионалците и стручњаците, заштитени од политичката партија Демократска алтернатива и потпомогнати од околностите како што беше Косовската криза 1999 година, оваа кадровска инсталација остана такаречи негибната. Оваа структура, обилно помогната од г-динот Бојановски, зборувам за 2000 година, зборувам за оној период од каде што на нас како пратеници ни е познато дека во тој период е извршено прислушкувањето, не само што ги блокираше реформите туку работеше подземно на специјалната операција - уривање на Владата на ВМРО и враќање на власт на поранешната Влада.

Почитувани пратеници, знаејќи ги овие информации и знаејќи повеќе други информации, јас не можам да бидам сигурен во обвинувањата на еден од главните

говорници на СДСМ дека министерката Димовска и Министерството за внатрешни работи е иницијатор за оваа афера на прислушување. Но тоа нема да ме спречи да се придружам кон сите што сакаат да стават точка на оваа афера , да се најдат виновниците и конечно да се расчисти состојбата. Затоа на крај повторно ќе ве повикам за соработка, како што Ве повика и премиерот за соработка, за конечно да ставиме точка на оваа афера, за да не може никој да ја користи и да ја злоупотребува понатаму и на тој начин да го крои политичкиот живот во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој момент се прекинува седницата.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот по утврдениот редослед на говорници.

Ќе треба да се подготви пратеникот Лазар Китановски, тој е на ред за дискусија.

(Пратеникот Лазар Китановски бара збор процедурално, но пратениците веќе се станати од своите места).

Извинете, не слушам. Пратеникот Китановски се јавува нешто процедурално, да не правиме караница за ништо.

ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:

Нека седнат. Ако сакате само ...

(Пратениците и понатаму стануваат од своите места).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Китановски, утре ќе имате време и ќе говорите.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 19,00 часот)